UN WOMEN

АНАЛИЗА

# РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ВО СПОРТОТ

## ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



АНАЛИЗА НА

# РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ВО СПОРТОТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



АНАЛИЗА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ВО СПОРТОТ
ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Издава:** UN Women, Скопје, Бул. ВМРО 7/10

**Број на страници:** 58

**Печати:** Арт Принт

**Графички дизајн:** Нита Хаџизамза Гаши

**Број на копии:** 130

**Скопје, 2022**

Оваа анализа е подготвена во рамките на Проектот за воведување на родовата перспектива во администрацијата на централно ниво (Gender Equality Facility – GEF) во Северна Македонија, што го спроведува канцеларијата на UN Women во Северна Македонија во партнерство со Секретаријатот за европски прашања и Министерството за труд и социјална политика, со финансиска поддршка од Шведска. Ставовите изразени во оваа публикација се ставови на авторите и не мора да ги претставуваат ставовите на донаторот, UN Women, на Обединетите нации или на која било од нејзините поврзани организации.

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

Република Северна Македонија
Министерство за труд и социјална политика

Sweden Sverige

Gender Equality Facility
North Macedonia

# Содржина


| | |
|---|---|
| Акроними | 5 |
| Вовед | 7 |
| Цели на анализата | 10 |
| Методолошки пристап | 10 |
| Ограничувања | 11 |
| **Меѓународен контекст** | 12 |
| Состојбата со родовата еднаквост во спортот | 19 |
| **Контекстот во Северна Македонија** | 23 |
| Законодавство | 23 |
| Спортски структури во Северна Македонија | 26 |
| Финансирање во спортот | 30 |
| **Спортот и родовата еднаквост во Северна Македонија** | 35 |
| Учество во спортски активности | 36 |
| Застапеност и родова сензитивност во одлучувањето | 38 |
| Родова еднаквост во спортскиот тренинг | 40 |
| Родово базирано насилство во и преку спортот | 41 |
| Родовите стереотипи во спортот и улогата на медиумите | 42 |
| Предизвиците со кои се соочуваат жените во спортот во Северна Македонија | 44 |
| **Заклучоци и препораки** | 47 |
| **Конкретни препораки** | 51 |
| Библиографија | 55 |

# Благодарност

Главна истражувачка и авторка на анализата е Магдалена Спасовска – национална консултантка за родови прашања и спорт. Наташа Димитровска, проектна координаторка во канцеларијата на UN Women во Северна Македонија, е одговорна за ревизијата, уредувањето и за севкупните насоки при подготовката на документот.

Силвија Митевска – претседателка на Комисијата за родова еднаквост при Македонскиот олимписки комитет и Синем Ајдин – координаторка на проектот HeForShe, од канцеларијата на UN Women во Турција, изврши стручен преглед. Им изразуваме благодарност за нивните коментари и предлози, како и за нивниот несебичен придонес.

# Акроними

| | |
|---|---|
| АМС | Агенција за млади и спорт |
| ППА | Пекиншка платформа за акција |
| ЦЕДАВ | Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените |
| СЕ | Совет на Европа |
| КПЛП | Конвенција за правата на лицата со попреченост |
| КПД | Конвенција за правата на детето |
| КСЖ | Комисија за статусот на жените |
| СН | Семејно насилство |
| ЕИГЕ | Европски институт за родова еднаквост |
| ЕУ | Европска Унија |
| ГАП | Родов акциски план |
| РЕ | Родова еднаквост |
| РБН | Родово базирано насилство |
| ИОК | Интернационален олимписки комитет |
| Истанбулска конвенција | Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МОК | Македонски олимписки комитет |
| НСФ | Национална спортска федерација |
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| ЦОР | Цел(и) за одржлив развој |
| АКВ | Анкета за користење на времето |
| ОН | Обединети нации |
| УНЕСКО | Организација на Обединетите нации за образование, наука и култура |
| UN Women | Тело на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените |
| НВЖ | Насилство врз жените |



„Дозволете да ви кажам што мислам за возењето велосипед. Мислам дека има направено повеќе за еманципација на жените од што било друго на светот. На жените им дава чувство на слобода и самодоверба. Застанувам и се радувам секогаш кога ќе видам жена како поминува на велосипед... тоа е сликата на слободна, неограничена женственост“.

Сузан Б. Ентони, водачка на суфражетското движење, 1896 година

# Вовед

Физичкото образование и спортот се исклучително важни за развојот на сите луѓе. Покрај физичките вештини и спортските способности што младите ги развиваат со занимавањето со спорт, друга важна придобивка е и развојот на социјалните вештини. Преку спортот и физичките активности, младите учат и развиваат вештини и лични особини како: тимска работа, самодоверба, самоувереност, почит, солидарност, емпатија итн. Понатаму, спортот и физичката активност, меѓу другото, позитивно влијаат врз менталното здравје, ги зголемуваат самоувереноста и самодовербата, овозможуваат начини за справување со стресот и анксиозноста, помагаат да се развие чувство на независност и слично[1]. Развојот на здрав однос кон телото и развојот на физички силно и здраво тело се клучни елементи во растот и развојот на децата и младите.

Девојчињата имаат многубројни придобивки од спортот, вклучително подобро физичко здравје, придобивки за менталното здравје, повисоки образовни и интелектуални постигнувања, како и придобивки за репродуктивното здравје[2]. Исто така, со учеството во спортски активности се подобруваат социјалните вештини, перцепцијата за самиот себе, самодовербата, квалитетот на живот и лидерските вештини, што, пак, придонесува за развој на вештини за вработување, со што се подобруваат перспективите за иднината, особено за девојчињата и жените.

---

1 UN Women (2021) Насоки за родово одговорни спортски организации, Анкара: UN Women. Достапно на: *https://eca.unwomen.org/sites/default/files/Field%20Office%20ECA/Attachments/Publications/2021/7/UNWOMEN_Guidelines%20ENG-min.pdf.*

2 Bailey, R, I. Wellard, and H. Dismore (2004) Girls' Participation in Physical Activities and Sports: Benefits, Patterns, Influences and Ways Forward, World Health Organisation. Достапно на: *https://www.icsspe.org/sites/default/files/Girls.pdf.*

Основното човеково право на физичко образование и непречен пристап до спортот е истакнато во Повелбата за физичко образование и спорт на Организацијата на Обединетите нации за образование, наука и култура (УНЕСКО):

> *„Секое човечко суштество има основно право на пристап до физичко образование и спорт, кои се од суштинско значење за целосниот развој на личноста. Слободата да се развиваат физичките, интелектуалните и моралните капацитети преку физичко образование и спорт мора да се гарантира во рамките на образовниот систем, како и во другите аспекти на општествениот живот“ (чл. 1).*[3]

Повелбата е ревидирана во 2015 година[4] и во неа дополнително се прецизира дека *„[е]днаквата можност за учество и ангажирање на сите нивоа на надзор и одлучување во физичкото образование, физичката активност и спортот, без разлика дали заради рекреација, унапредување на здравјето или заради постигнување високи резултати, е право на секое девојче и на секоја жена што мора активно да се спроведува“* (чл. 1).

Агендата на ОН за одржлив развој[5] ја опфаќа и родовата еднаквост, поконкретно во ЦОР 5 (*„Постигнување родова еднаквост и зајакнување на сите жени и девојчиња“*), и повикува на итна акција за елиминирање на основните причини за дискриминација, кои претставуваат пречка во исполнувањето на правата на жените во сите сфери на животот. Во оваа цел се вградени и еднаквите права и можности за девојчињата во областа на спортот. Спортот за развој преставува моќна алатка за општествени промени, социјален развој и промовирање на човековите права. Тој игра важна улога за одржливиот развој и мир и придонесува за солидарност, недискриминација, социјална вклученост, различност и почитување.

Во 2017 година беше донесен Казанскиот акциски план[6], кој ги поврзува политиките за спортот со ЦОР. Според Казанскиот акциски план, во 2021 година, во Лозана, Швајцарија, е основана Глобалната опсерваторија за жени, спорт, физичко образование и физичка активност, со цел да се надминат глобалните и системски нееднаквости за девојчињата и жените во спортот[7].

---

3 Организација на Обединетите нации за образование, наука и култура (1978) Меѓународна повелба за физичко образование и спорт. Достапно на: *https://en.unesco.org/sites/default/files/sport_e.pdf.*

4 Организација на Обединетите нации за образование, наука и култура (2015) Меѓународна повелба за физичко образование, физичка активност и спорт.
Достапно на: *https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000235409*

5 Обединети нации (2015) Трансформирање на нашиот свет: Агенда за одржлив развој до 2030 година. Достапно на: *https://sustainabledevelopment.un.org/content/documents/21252030%20Agenda%20for%20Sustainable%20Development%20web.pdf.*

6 УНЕСКО (2017) Казански акциски план, Меѓународна конференција на министри и високи службеници одговорни за физичко образование и спорт, 6-ти, Казан, Руска Федерација, 2017. Достапно на: *https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000252725*

7 *https://en.unesco.org/news/launch-global-observatory-women-sport-physical-education-and-physical-activity-1*

Спортот како човеково право се прокламира и со Олимписката повелба[8], во Основните начела на олимпизмот, во кои исто така се додава дека ова право не треба да се оспорува преку дискриминација од каков било вид и дека духот на пријателството, солидарноста и фер-плејот се најважни за остварувањето на ова право. Во Повелбата исто така се нагласува и дека е важно да се обезбедат еднакви можности за учество во спортски активности, што треба да се овозможи за секој поединец без разлика на родот.

Со поимот „*спорт за сите*", кој го промовира Советот на Европа[9], се става акцент на спортот како можност за образование и социјален развој за девојчињата и момчињата, за жените и мажите, а кој придонесува за негување добро здравје и благосостојба во општеството, и им овозможува на девојчињата и на момчињата да се стекнат со основните вредности за живот во демократско општество и да пораснат во одговорни граѓани. Советот на Европа, исто така, ја признава важноста на спортот во промовирањето на социјалната интеграција на обесправените групи и неговиот придонес за подобро разбирање меѓу заедниците. Сепак, СЕ ги препознава и постојните јазови меѓу стандардите и практиката, помеѓу *де јуре* и *де факто* родовата еднаквост и дискриминацијата на жените и девојчињата.

Имајќи ги предвид значајните придобивки од спортот за сите луѓе, исклучително е тешко да се прифати нееднаквиот третман на жените во спортот што може да се забележи низ историјата. Присуството на жените во спортот и нивното право да се занимаваат со спорт е ограничено во поглед на пристапот, можностите и средствата. Дискриминацијата и маргинализацијата на жените и девојчињата во спортот го следат нивното присуство во историјата на спортот[10]. Родовите нееднаквости се очигледни во застапеноста во одлучувањето и во известувањето на медиумите[11]. Девојчињата и жените, исто така, се соочуваат со недостиг на безбедни и соодветни спортски објекти, со што потенцијално се изложуваат на физичко или на вербално сексуално вознемирување и други ограничувања, какви што се недостиг на установи за згрижување деца и/или недостиг на време[12]. Освен тоа, јавните спортски простори честопати не се соодветно осветлени или немаат приспособени простори за физичка активност на жени и девојчиња[13].

8 Интернационален олимписки комитет (2020) Олимписка повелба, Лозана. Достапно на: *https://stillmed.olympic.org/media/Document%20Library/OlympicOrg/General/EN-Olympic-Charter.pdf.*

9 Совет на Европа (2015) Препорака CM/Rec (2015)2 на Комитетот на министри до земјите членки за вклучување на родовата перспектива во спортот, Пуб. L. бр. CM/Rec(2015)2 (2015), *https://www.icsspe.org/system/files/Council%20of%20Europe%20-%20Recommendation%20Gender%20Mainstreaming%20CM%20Rec%20%282015%292.pdf.*

10 Fasting, K. et al. (2011) Sexual Harassment in Sport toward Females in Three European Countries, International Review for the Sociology of Sport 46, no. 1, 76–89, *https://doi.org/10.1177/1012690210376295;*
Carson, F., C. McCormack, and J. Walsh (2018) Women in Sport Coaching: Challenges, Stress and Wellbeing, ACTIVE: Journal of Physical Education, Sport, Health and Recreation 7, no. 2, 63–67, *https://doi.org/10.15294/active.v7i2.22100.*

11 EIGE (2017) Gender in sport. Достапно на: *https://eige.europa.eu/publications/gender-sport*

12 Ibid.

13 Brady, M. (2005) Creating Safe Spaces and Building Social Assets for Young Women In The Developing World: A New Role For Sport, Women's Studies Quarterly. 33:1&2.

И покрај сите ограничувања во поглед на пристапот, можностите и средствата, жените ја докажаа својата извонредност во спортот и спортските активности. Нивниот напредок на теренот е значителен и обележан со важни историски достигнувања[14].

# Цели на анализата

Главната цел на оваа анализа е да се даде сеопфатен преглед на состојбата на родовата еднаквост во спортот во Северна Македонија. Во рамките на анализата се обезбедува преглед на клучните меѓународни и национални документи и политики за да се разбере темата на спортот и родовата еднаквост на глобално и на европско ниво, со нивно поврзување со контекстот на Северна Македонија. Исто така, се разгледуваат залагањата на Северна Македонија за постигнување родова еднаквост во областа на спортот и се презентираат вредни информации за тековните потреби на жените во спортот во земјата, преку презентирање на искуствата на спортистки, спортски менаџери и други релевантни засегнати страни во областа на спортот.

# Методолошки пристап

Анализата е спроведена врз основа на квалитативен методолошки пристап, според потребите, но и имајќи го предвид недостигот на релевантни статистички податоци. Квалитативниот пристап се претпочита бидејќи обезбедува понијансирани и понепосредни сознанија, како и опфат на вистински искуства на жените во спортскиот сектор.

Почетната точка за анализата беше детален преглед на правната рамка и на релевантните политики на меѓународно и на национално ниво. Националните структури, институции и политики беа анализирани преку информациите од јавен карактер што се достапни во содржините поставени на интернет-страниците на организациите/институциите, како и од известувањата во медиумите. Дополнителен извор на информации беа интервјуата со вработените во јавните институции и организации, одржани за потребите на оваа анализа.

[14] Отсек за унапредување на жените, Оддел за економски и социјални прашања на Обединетите нации (2007) Жени, родова еднаквост и спорт, Жените во 2000 и потоа.
Достапно на: *https://www.un.org/womenwatch/daw/public/Women%20and%20Sport.pdf.*

Значаен дел од наодите во анализата произлегуваат од различни засегнати страни што беа опфатени во интервјуата. Вкупно 10 интервјуа беа спроведени со претставнички од релевантни институции, федерации, организации и спортистки, кои се менаџерки, сопственички на клубови, членки на национални спортски репрезентации, судијки и селекторки. Учесничките во интервјуата беа определени врз основа на целите на анализата и ним директно им се обрати консултантката што беше ангажирана за анализата. Учесничките беа информирани дека интервјуата се доверливи и дека нивниот идентитет е целосно заштитен. Интервјуата беа полуструктурирани со отворени прашања и беа спроведени лично или преку телефон или интернет-апликација (Zoom/Skype), врз основа на достапноста на учесничките и можностите за одржување лична средба, имајќи ја предвид состојбата со КОВИД-19 во земјата. Интервјуата просечно траеја по околу 45 минути.

# Ограничувања

Значајно ограничување за анализата, како и за други слични анализи, е општиот недостиг на релевантни и веродостојни податоци за родовата еднаквост во спортот и учеството на жените и мажите во различни спортски активности во Северна Македонија. Јавните институции или немаат релевантни информации или информациите не се јавно достапни. Релевантните спортски институции (клубови, федерации итн.) исто така немаат релевантни информации за родовите прашања во нивните соодветни области. Исто така, недостигаат и јавно достапни и релевантни истражувања на темата на родовата еднаквост и предизвиците во областа на спортот во земјата, како и официјални статистички податоци за спортот.

Севкупната инертност на јавните институции е особено видлива при обидите за пристап до достапните податоци. Високото ниво на поделеност на институциите воопшто, исто така, придонесува за недостиг на доверба како во рамките на институциите, така и кон надворешните лица, и последователно на тоа, за незаинтересираност за соработка со истражувачите. Всадената култура на длабоко вкоренети патријархални вредности и недоволната информираност и познавање на прашањата за родовата еднаквост, дополнително придонесуваат за незаинтересираноста за оваа тема.

# Меѓународен контекст

Пекиншката платформа за акција[15], која е донесена на Четвртата светска конференција за жените во 1995 година, е најпрогресивниот план за унапредување на правата на жените. Во неа се признава правото на спорт за сите поединци на глобално ниво и во поглед на спортот конкретно се наведува:

*„Да се обезбедат пристапни рекреативни и спортски објекти и да се воведат и унапредат родово сензитивни програми за девојчињата и жените од сите возрасти во образовните институции и во заедницата и да се поддржи напредокот на жените во сите области на спортот и физичката активност, вклучително и како тренери, спортисти и административни работници, и како учесници на национално, регионално и меѓународно ниво“ (стр. 52).*

Платформата, исто така, повикува на изработка на образовни програми со кои ќе се обезбедат исти можности за девојчињата и жените од сите возрасти за спорт, физичка активност и рекреација како можностите што ги имаат мажите и момчињата (стр. 68). Платформата ги препознава и негативните стереотипи за жените и мажите во поглед на одлучувањето и укажува на недоволната застапеност на жените на позиции на кои се носат одлуки во областа на уметноста, културата, спортот (стр. 120). Платформата се фокусира на отстранување на системските бариери што ги спречуваат жените и девојчињата да ги остваруваат своите права и да ги користат можностите за развој и раст.



Комисијата за статусот на жените, која е глобално меѓувладино тело за креирање политики за родова еднаквост, се осврна на спортот и на физичката активност во својот преглед на напредокот што е постигнат во спроведувањето на Пекиншката платформа за акција[16].

15 UN Women (2014) Пекиншка декларација и платформа за акција: Политичка декларација и исход Пекинг+5. Достапно на: *https://www.unwomen.org/sites/default/files/Headquarters/Attachments/Sections/CSW/PFA_E_Final_WEB.pdf .*

16 Обединети нации (2010) Договорени заклучоци на Комисијата за статусот на жените за критичните области на Пекиншката платформа за акција 1996-2009 година.
Достапно на: *https://doi.org/10.18356/5fa286bb-en.*





Во своите усогласени заклучоци за жените и здравјето, Комисијата ги повика владите, Обединетите нации и граѓанското општество да ги поттикнат жените да се занимаваат со спорт и со рекреативни активности, нагласувајќи го позитивното влијание врз здравјето, благосостојбата, менталното здравје и кондицијата на жените, како и да обезбедат пристап за жените до еднакви можности да се занимаваат со спорт, да користат спортски објекти и да учествуваат во натпревари како што имаат мажите.

Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (ЦЕДАВ)[17], донесена од Генералното собрание на ОН во 1979 година, специфично препознава дека жените и девојчињата ги имаат истите права како мажите и момчињата за *„учество во рекреативните активности, спортот и сите други форми на културен живот“* (чл. 13(в)) и дека Државите треба да ги обезбедат истите можности за жените и девојчињата во образованието, *„за активно занимање со спорт и физичко воспитување“* (чл. 10(е)).

Конвенцијата за правата на лицата со попреченот (КПЛП)[18], донесена од Генералното собрание на ОН во 2006 година, во член 30, го потврдува правото на лицата со попреченост *„да учествуваат на еднаква основа со другите во рекреативни, слободни и спортски активности“*. Во истиот член, Конвенцијата ги поттикнува Државите да преземат соодветни мерки *„за обезбедување дека лицата со попреченост имаат можност да организираат, развиваат и учествуваат во спортски и рекреативни активности специфични за попреченоста и, поради тоа, да поттикнуваат обезбедување, на еднаква основа со другите, на соодветни инструкции, обука и ресурси“*, како и *„за обезбедување дека децата со попреченост имаат еднаков пристап за учество во игровни, рекреативни, слободни и спортски активности, вклучувајќи и активности во рамките на училишниот систем“*.

Конечно, Конвенцијата за правата на детето (КПД)[19], донесена од Генералното собрание на ОН во 1989 година, го препознава *„правото на детето за одмор и слободно време, на игра и рекреација која одговара на возраста на детето и слободно учество во културниот живот и уметноста“* (чл. 31).

---

17 *https://www.un.org/womenwatch/daw/cedaw/cedaw.htm*

18 *https://www.un.org/disabilities/documents/convention/convoptprot-e.pdf*

19 *https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/convention-rights-child*

Во 2020 година, под водство на UN Women, започна иницијативата Спорт за генерација еднаквост[20] *„за да се забрза напредокот во поглед на низа заеднички начела и усогласени цели со кои ќе се искористи моќта на спортот за да стане родовата еднаквост реалност во и преку спортот“* (стр. 1). Начелата на иницијативата Спорт за генерација еднаквост се засноваат на Казанскиот акциски план и на Пекиншката платформа за акција[21], а се однесуваат на критичните проблематични области и цели во поглед на родовата еднаквост во спортот:

1. Да се преземат мерки за промовирање на женското лидерство и родовата еднаквост во моделите на управување;
2. Да се преземат мерки за спречување и за одговор на насилството врз жените и девојчињата во и преку спортот;
3. Да се преземат мерки за затворање на јазот во инвестициите во женскиот спорт, како и за промовирање еднакви економски можности за жените и девојчињата;
4. Да се преземат мерки за промовирање на еднакво учество на жените и непристрасна застапеност во спортските медиуми, вклучително и соопштенија за отстранување на штетните родови стереотипи и промовирање позитивни примери;
5. Да се преземат мерки за поддршка на еднаквите можности за девојчињата во спортот, физичката активност и физичкото образование;
6. Да се следи напредокот и јавно да се известува за него на годишно ниво.

[20] UN Women (2020) Рамка за Спорт за генерација еднаквост: поттикнување на спроведувањето на Пекиншката платформа за акција преку моќта на спортскиот екосистем. Достапно на: *https://www.unwomen.org/sites/default/files/Headquarters/Attachments/Sections/News%20and%20events/Stories/2020/Sport-GenerationEquality.pdf.*

[21] Ibid., стр.11.

Во целите за родова еднаквост и инклузија 2021-2024 година[22] на Интернационалниот олимписки комитет (ИОК) се препорачуваат пет области на фокус, кои се усогласени со начелата на иницијативата на UN Women Спорт за генерација еднаквост. Целите се фокусираат на:

| | |
|---|---|
| **Учество** | Пристап и можности за сите спортисти на теренот и за вработените во спортските организации |
| **Водство** | Позиции со овластувања за одлучување и/или влијание |
| **Безбеден спорт** | Спортска средина во која има почитување, која е правична и ослободена од сите форми на вознемирување и злоупотреба |
| **Портретирање** | Јазикот, сликите и гласовите што се користат, квалитетот и квантитетот на известувањето и важноста што се дава, при прикажувањето поединци или групи во соопштенијата и во медиумите |
| **Распределба на ресурси** | Распределба на средствата, капацитетите и нефинансиската поддршка |

Родовата еднаквост е едно од основните начела на ЕУ што е наведено во Договорите на ЕУ и се содржи во член 23 од Повелбата за основните права на Европската Унија[23]. Во Стратегијата на ЕУ за родова еднаквост 2020-2025[24] се поставуваат шест клучни цели, од кои во едната се става акцент на *„решавање на прашањето на родовата еднаквост и зајакнувањето на жените насекаде низ светот“*. Европската Унија ги промовира еднаквите права и се занимава со родовите нееднаквости во земјите членки, но и на пошироко ниво, преку својот Родов

[22] Интернационален олимписки комитет (2022) Цели за родова еднаквост и инклузија 2021-2024, Лозана, Достапно на: *https://stillmed.olympics.com/media/Documents/Beyond-the-Games/Gender-Equality-in-Sport/IOC-Gender-Equality-and-Inclusion-Objectives-2021-2024.pdf.*

[23] Европски парламент (2012) Повелба за основните права на Европската Унија. Достапно на: *https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:12012P/TXT&from=cs*

[24] Европска комисија (2020) Информација од Комисијата до Европскиот парламент, Советот, Европскиот економско-социјален комитет и Комитетот на региони: Унија за еднаквост: Стратегија за родова еднаквост 2020-2025 година, Брисел. Достапно на: *https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52020DC0152&from=EN.*

акциски план III (ГАП III)[25]. Во ГАП III се поставуваат три основни начела за решавање на основните причини за родовата нееднаквост: примена на родово трансформативен пристап; решавање на интерсекционалноста на родовата дискриминација со другите форми на дискриминација и следење пристап заснован на човековите права. Преку ГАП III, ЕУ има за цел да го забрза напредокот во зајакнувањето на жените и девојчињата и да ги заштити придобивките што се постигнати во областа на родовата еднаквост во текот на 25-те години од донесувањето на Пекиншката декларација и нејзината Платформа за акција.

Главните стратегиски цели на Стратегијата за родова еднаквост на Советот на Европа 2018-2023[26] се: спречување и борба против родовите стереотипи и сексизмот, спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, обезбедување еднаков пристап до правдата, постигнување рамномерно учество на жените и мажите во одлучувањето во политиката и во јавната сфера, заштита на правата на жените и девојчињата мигранти, бегалци и баратели на азил и вклучување на родовата перспектива во сите политики и мерки.

Со Белата книга за спортот од 2007 година[27], ЕУ истакна дека е важно да се работи на решавање на родовите прашања и да се воведе еднаков пристап до спортот без оглед на родот, возраста, социјалното потекло итн. Во 2011 година, со Информацијата за развој на европската димензија во спортот[28], Европската комисија предложи важни активности со акцент на прашања какви што се: пристап на жените до позиции на кои се носат одлуки; борба против родовите стереотипи; и пристап до спортот за жените имигранти и жените од етничките малцинства.

Резолуцијата за европската димензија во спортот[29], која Европскиот парламент ја донесе во 2012 година, ги повикува земјите-членки *„да ја вклучат родовата перспектива во сите [свои] активности што се поврзани со спортот, со конкретен акцент на: пристапот до спорт за жените имигранти и за жените од етничките малцинства, пристапот на жените до позиции на кои се носат одлуки во спортот и медиумска покриеност на жените во спортот, како и да обезбедат дека политиките и законодавството во областа на спортот се засноваат на полова еднаквост“* (точка 23).

25 Европска Унија (2020) Заедничка информација до Европскиот парламент и до Советот: Родов акциски план (ГАП) III – Амбициозна агенда за родова еднаквост и зајакнување на жените во надворешното дејствување на ЕУ. Достапно на: *https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX:52020JC0017*

26 Совет на Европа (2018) Стратегија за родова еднаквост на Советот на Европа 2018-2023 година, Стразбур. Достапно на: *https://rm.coe.int/prems-093618-gbr-gender-equality-strategy-2023-web-a5/16808b47e1.*

27 Комисија на Европските заедници (2007) Бела книга за спортот, Брисел. Достапно на: *https://eurlex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52007DC0391&from=CS*.

28 Европска комисија (2011) Развој на европската димензија во спортот, Брисел. Достапно на: *https://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2011:0012:FIN:en:PDF*

29 Види: *https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/TA-7-2012-0025_EN.html.*

Во 2014 година, ЕУ донесе Заклучоци за родовата еднаквост во спортот[30], во кои потврди дека жените се недоволно застапени во многу области на спортот и ги повика земјите-членки, меѓу другото, *„да ја воведат родовата перспектива во сите аспекти на политиката за спортот и да промовираат елиминирање на родовите стереотипи во спортот на сите нивоа“* (40), *„да спроведуваат истражувања за родовата еднаквост во спортот на сите нивоа и во сите области на спортот, со особен фокус на тренирањето, обуката, управувањето и судењето во блиска соработка со Европскиот институт за родова еднаквост“* (43), како и *„да го поддржат развојот и да ја промовираат употребата на приспособени алатки за вклучување на родовата перспектива какви што се родовото буџетирање и процените на родовото влијание“* (44).

Во Препораката CM/Rec (2015)2 на Советот на Европа за вклучување на родовата перспектива во спортот[31], се даваат препораки за сите аспекти на родовата еднаквост во спортот, поконкретно, *„да се промовираат и да се поттикнуваат политики и практики што се насочени кон воведување, спроведување и обезбедување на вклучување на родовата перспектива во сите области и на сите нивоа на спортот и да се воспостават конкретни механизми за таа цел“*, во поглед на законодавството, политиките на локално ниво, политиките и програмите за борба против родовото насилство, подигање на свеста, обука, медиуми, собирање податоци и истражување, следење и евалуација, јазик, фондови итн.

Во Препораката CM/Rec (2019)1 на Советот на Европа за спречување и борба против сексизмот[32] засегнатите страни се повикуваат *„да негуваат нулта толеранција кон сексизмот и сексистичкиот говор на омраза на културните и на спортските настани“* и се определуваат областите на кои треба да се работи: *„сексистичките ставови на медиумите, спортските организации, тренерите, спортските лидери, спортистите итн.; сексистичките портретирања на жените во спортот, тривијализирањето на спортските постигнувања на жените преку нивно прикажување во стереотипни улоги или деградирање на нивните спортови; и сексизмот и сексистичкиот говор на омраза на спортски настани“*. Мерките за решавање на прашањата на сексизмот во спортот вклучуваат изработка и промовирање алатки за борба против сексизмот во областа на спортот, какви што се материјали за обука или алатки за родово сензитивен јазик и комуникација, охрабрување на водечките спортски фигури да ги коригираат сексистичките претпоставки и да го осудат сексистичкиот говор на омраза, повикување на спортските федерации и здруженија да подготват кодекси на однесување за спречување на сексизмот и сексистичкото однесување кои треба да содржат и дисциплински мерки, како и повикување на спортските организации да промовираат родова еднаквост и нестереотипно прикажување на жените и мажите, девојчињата и момчињата.

---

30 Katsarova, I. (2019) Gender Equality in Sport: Getting Closer Every Day, European Parliamentary Research Service. Достапно на: *https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/BRIE/2019/635560/EPRS_BRI(2019)635560_EN.pdf*

31 Совет на Европа (2015) Препорака CM/Rec (2015)2 на Комитетот на министри до земјите членки за вклучување на родовата перспектива во спортот, Пуб. L. бр. CM/Rec(2015)2 (2015). Достапно на: *https://www.icsspe.org/system/files/Council%20of%20Europe%20-%20Recommendation%20Gender%20Mainstreaming%20CM%20Rec%20%282015%292.pdf.*

32 Совет на Европа (2019) Препорака CM/Rec(2019)1 за спречување и борба против сексизмот. Достапно на: *https://rm.coe.int/cm-rec-2019-1-on-preventing-and-combating-sexism/168094d894.*



Во март 2022 година, Европската комисија го објави документот „*Кон поголема родова еднаквост во спортот*“[33] со препораки и акциски план од Групата на високо ниво за родова еднаквост во спортот. Извештајот содржи размислувања, податоци, препораки и добри практики за унапредување на родовата еднаквост во спортот. Опфаќа различни активности за унапредување на родовата еднаквост и насочува кон вклучување на родовата перспектива во сите политики и иницијативи на ЕУ. Важно е да се напомене дека во својата цел и фокус овој документ се потпира на ГАП III на ЕУ и во него се препознаваат трансверзални теми какви што се: вклучување на родовата перспектива во главните политики, интерсекционалност, родово буџетирање/финансирање, следење на политиките, евалуација и истражување, образование, комуникација, координатори за родова еднаквост и мажите како сојузници. Исто така, се нагласуваат шесте клучни тематски области на ангажман што се важни за јавните власти и за спортските федерации:




Во Европската повелба за спортот[34] се истакнува потребата и релевантноста на родовата еднаквост во спортот и таа служи како важна референтна алатка за подготовка на националните политики за спортот. Во Повелбата посебен акцент се става на концептот „*спорт за сите*“, како и на потребата да се овозможи пристап до спортски активности за да се остварат придобивки од нив, какви што се подобро здравје, инклузија и образование на целото население. Во Повелбата исто така се препознава улогата на јавните власти во спортот и се нагласува клучната улога на спортските асоцијации.

[33] Европска комисија, Генерален директорат за образование, млади, спорт и култура (2022) Кон поголема родова еднаквост во спортот: Препораки и акциски план од Групата на високо ниво за родова еднаквост во спортот, Брисел.
Достапно на: *https://op.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/684ab3af-9f57-11ec-83e1-01aa75ed71a1.*

[34] Европска комисија (2021) Препорака CM/Rec(2021)5 на Комитетот на министри до земјите членки за Ревидираната европска повелба за спортот, Брисел.
Достапно на: *https://rm.coe.int/recommendation-cm-rec-2021-5-on-the-revision-of-the-european-sport-cha/1680a43914.*

Исто така, се потврдува потребата од соработка со други засегнати страни, какви што се локалните власти, деловниот сектор и професионалните организации.

Платформата за вклучување на родовата перспектива во главните политики на Европскиот институт за родова еднаквост (ЕИГЕ) се занимава со пет главни прашања поврзани со родовите нееднаквости во областа на политика за спортот[35]:

- учество на жените во спортски активности;
- еднаква застапеност и родова сензитивност во одлучувањето;
- родова еднаквост во спортското тренирање;
- родово базирано насилство во спортот и преку него;
- родови стереотипи во спортот и улогата на медиумите.

## Состојбата со родовата еднаквост во спортот

Речиси насекаде во светот, **девојчињата и жените учествуваат во помал број спортови и помалку се занимаваат со физичка активност од момчињата и мажите**[36]**.** Споредливите податоци за земјите на ЕУ покажуваат константен вкупен број мажи што поминуваат повеќе часови во спорт и активности на отворено отколку жените[37]. Според Специјалниот евробарометар за спорт и физичка активност[38], иако постојат разлики меѓу земјите-членки, учеството на жените во спортот е секогаш пониско од учеството на мажите изразено во проценти. Помалку жени (36%) редовно се занимаваат со спорт отколку мажи (44%), додека 52% од жените никогаш не вежбаат или спортуваат, во споредба со 40% од мажите[39].

Занимавањето со спорт кај жените, исто така, се намалува со возраста, додека разликата меѓу



**2016**

Летни олимписки игри **45%**

Параолимписки игри **38,6%**

**2018**

Летни олимписки игри **41%**

Параолимписки игри **23,6%**

---

35 EIGE (2017) Gender in Sport. Достапно на: *https://eige.europa.eu/publications/gender-sport*

36 UN Women (2021) Насоки за родово одговорни спортски организации, Анкара: UN Women. Достапно на: *https://eca.unwomen.org/sites/default/files/Field%20Office%20ECA/Attachments/Publications/2021/7/UNWOMEN_Guidelines%20ENG-min.pdf.*

37 Eurostat: Time Spent, Participation Time and Participation Rate in the Main Activity by Sex and Age Group: *https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/TUS_00AGE__custom_3180261/default/table?lang=en.*

38 Европска комисија (2017) Специјален Евробарометар 372: Спорт и физичка активност, Извештај. Достапно на: *https://www.europarc.org/wp-content/uploads/2020/01/Special-Eurobarometer-472-Sports-and-physical-activity.pdf*

39 Ibid.

мажите и жените е најголема во возрасната група 15-24 години – 33% од жените во возрасната група 15-24 години никогаш не вежбаат или спортуваат, во споредба со 15% од мажите во истата возрасна група[40]. Во Летните олимписки игри во 2016 година учествуваа 45% жени, во Параолимписките игри 38,6%, додека во Зимските олимписки игри во 2018 година учествуваа 41% жени, а во Параолимписките игри 23,6%[41].

**Во 2015 година, жени се наоѓаа само на 14% од сите највисоки позиции на кои се носат одлуки во спортските федерации во ЕУ[42].** Во ЕУ, само 17% од жените (наспроти 83% од мажите) се членови на највисокото тело за одлучување на националните олимписки спортски организации[43]. Интернационалниот олимписки комитет, во рамките на својата Олимписка агенда од 2020 година, се обврза да ја унапреди родовата еднаквост и достигна 47,7% жени во 30-те комисии на ИОК, што претставува зголемување во однос на 45,4% во 2019 година и 20% во 2013 година[44].

**САМО НА 14% ОД СИТЕ НАЈВИСОКИ ПОЗИЦИИ**
ВО СПОРТСКИТЕ ФЕДЕРАЦИИ ВО ЕУ СЕ НАОЃАА ЖЕНИ.

На Летните и на Зимските олимписки игри, бројот на жени тренери е значително помал од мажите тренери:

2010 Ванкувер 10%

2012 Лондон 11%

2014 Сочи 9%

2016 Рио 11%



Во професијата на спортски тренери мажите преовладуваат на глобално ниво. Се проценува дека **20% до 30% од сите спортски тренери во Европа се жени**, кои се главно присутни во спортови во кои има висок процент на жени како учесници (на пример, гимнастика, танц, уметничко лизгање итн.) и тие претежно работат со девојчиња и жени што се натпреваруваат на локално и на регионално ниво[45]. На Летните и на Зимските олимписки игри, бројот на жени тренери е значително помал од мажите тренери: 10% жени тренери во 2010 година (Ванкувер), 11% во 2012 година (Лондон), 9% во 2014 година

40 Ibid.

41 UN Women (2021) Насоки за родово одговорни спортски организации, Анкара: UN Women, стр. 18. Достапно на: *https://eca.unwomen.org/sites/default/files/Field%20Office%20ECA/Attachments/Publications/2021/7/UNWOMEN_Guidelines%20ENG-min.pdf*

42 Katsarova, I. (2019) Gender equality in sport: Getting closer every day, European Parliamentary Research Service. Достапно на: *https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/BRIE/2019/635560/EPRS_BRI(2019)635560_EN.pdf*

43 Индекс на родова еднаквост 2021, *https://eige.europa.eu/gender-equality-index/2021/domain/power*

44 *https://olympics.com/ioc/news/female-membership-of-ioc-commissions-reaches-an-all-time-high-of-47-7-per-cent-two-new-female-chairs*

45 EIGE (2017) Gender in Sport, *https://eige.europa.eu/publications/gender-sport*

(Сочи), 11% во 2016 година (Рио)[46]. На Светскиот куп за жени на ФИФА во 2019 година, само 9 од 24 нации имаа женски тренери (37,5%)[47].

Ниската застапеност на жените како учеснички во спортот, како и во структурите за одлучување, придонесува за **многу видлив родов јаз во платите**[48]**.** И покрај тоа што разликата во платите се намалува, при што во многу спортови се постигна еднаквост, сè уште има спортови во кои мажите се плаќаат значително повеќе од жените, а меѓу нив најистакнати се фудбалот и кошарката[49].

**Родово базираното насилство и сексуалното и родовото вознемирување и злоупотреба се широко распространети во различните спортови**, меѓутоа главно се скриени. Неодамна имаше неколку случаи во кои беа откриени злоупотреба и вознемирување во различни спортови, што придонесе за подигање на свеста за ова прашање[50]. Во ЕУ, распространетоста на родовото и на сексуалното вознемирување во спортот варира помеѓу 14% и 73% (во девет земји на ЕУ што спровеле емпириски студии), но сепак општо нема доволно веродостојни податоци[51].

Мажите доминираат во спортските медиуми насекаде во светот. Во 2018 година, УНЕСКО укажа дека **само 4% од содржините на спортските медиуми биле посветени на женскиот спорт**, а голем дел од тие содржини се однесувале на физичкиот изглед, возраста и на личниот живот на жените, додека само 12% од спортските вести ги презентирале жени[52]. Сепак, анкетите покажаа дека помалата гледаност на женскиот спорт не се должи на личните преференции, туку на недоволното телевизиско покривање[53].



[46] UN Women (2021) Насоки за родово одговорни спортски организации, Анкара: UN Women, стр. 19. Достапно на: *https://eca.unwomen.org/sites/default/files/Field%20Office%20ECA/Attachments/Publications/2021/7/UNWOMEN_Guidelines%20ENG-min.pdf*

[47] Ibid.

[48] Global Sports Salaries Survey 2017, The Gender (In)Equality Issue, Sporting Intelligence. Достапно на: *http://globalsportssalaries.com/GSSS%202017.pdf*

[49] Katsarova, I. (2019) Gender equality in sport: Getting closer every day, European Parliamentary Research Service, p. 7. Достапно на: *https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/BRIE/2019/635560/EPRS_BRI(2019)635560_EN.pdf*

[50] Longman, J. (2021) "How much is a little girl worth?", The New York Times, 16.06.2021. Достапно на: *https://www.nytimes.com/2021/06/16/sports/olympics/how-much-is-a-little-girl-worth.html*

[51] EIGE (2017) Gender in Sport, *https://eige.europa.eu/publications/gender-sport*

[52] *https://en.unesco.org/news/unesco-calls-fairer-media-coverage-sportswomen*

[53] Katsarova, I. (2019) Gender equality in sport: Getting closer every day, European Parliamentary Research Service, p. 7. Достапно на: *https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/BRIE/2019/635560/EPRS_BRI(2019)635560_EN.pdf*



# Контекстот во Северна Македонија

## Законодавство

Родовата еднаквост во спортот не е опфатена во ниту еден закон, стратегија или друг официјален документ со кој се уредуваат спортот и спортските активности во земјата.

**Законот за спортот**[54] првпат беше донесен во 1996 година и оттогаш претрпе низа измени. Со измените од 2002 година се создадоа услови спортските асоцијации да можат да се трансформираат во трговско друштво. Со измените од 2004 година се овозможи децентрализација на спортот со пренесување на надлежностите за финансирање на локалните самоуправи. Меѓутоа, можностите што произлегоа од децентрализацијата зависеа и сè уште зависат од финансиската моќ и потенцијал на локалните самоуправи. Спортските асоцијации и спортските клубови во земјата и понатаму се многу зависни од буџетската поддршка на државата.

Законот за спортот е целосно родово „слеп", односно не ги препознава различните потреби, приоритети, улоги, одговорности и можности на жените и мажите и не промовира еднакви можности за жените и мажите во спортот.

[54] Службен весник на Република Македонија бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16, 98/19.

Владата на Северна Македонија објави дека планира подготовка на нов Закон за спортот и нова Стратегија за развој на спортот[55], меѓутоа во времето на подготовката на оваа анализа немаше нова законска регулатива или политика. Поради отсуството на стратегија за спорт се зголемува потребата спортот да се дефинира како дејност од особен општествен интерес, која е поврзана со потребите на граѓаните, особено на младата популација. Спортот не е дефиниран ниту во образовниот систем, во средното и во високото образование, во здравствениот систем, ниту, пак, во развојот на научни и професионални спортски институции во согласност со меѓународните стандарди и барања[56].



**Законот за спречување на насилството и на недостојното однесување на спортските натпревари**[57] ги уредува прашањата што се однесуваат на насилството и на недостојното однесување на спортските натпревари и утврдува мерки за нивно спречување заради безбедноста на гледачите, натпреварувачите и на другите учесници во спортските натпревари. Меѓу актите на насилство и недостојно однесување, во Законот се наведува *„внесување и истакнување на транспаренти, знамиња и други предмети со текст, слика, знак или други обележја, како и пеење на песни или дофрлување на пораки кои предизвикуваат и поттикнуваат омраза или насилство врз основа на расна, национална и верска припадност или врз основа на други особини“* (чл. 3). Во Законот не се споменува родот, ниту, пак, се појаснува родово базираното насилство и родовиот говор на омраза на спортски настани. За да се гарантира безбедноста на сите гледачи, вклучително и на жените, од особена важност е родот експлицитно да се спомене. Говорот на омраза врз основа на родот е еден од најчестите форми на говор на омраза на спортските настани. Овој вид родово базиран говор на омраза може да поттикне вистинско насилство врз жените што учествуваат во спортските настани, жените што работат на спортските настани, жените во медиумските екипи, како и врз полицајките.

Во **Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027** се препознава важноста на родовата еднаквост во спортот[58]. Таа содржи јасни цели за подобрување на состојбата и индикатори за следење и евалуација на напредокот во исполнувањето на целите. Стратегијата воспоставува сеопфатна рамка за понатамошни активности во насока на промовирање на родовата еднаквост во спортот и зајакнување на жените.

55 Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија 2022-2024. Достапно на: *https://vlada.mk/sites/default/files/programa/2022-2024/programme_of_the_government_2022-2024.pdf*

56 Македонски олимписки комитет, Стратегија за развој на спортот. Достапно на: *http://mok.org.mk/Upload/Content/Documents/STRATEGIJA_ZA_RAZVOJ_SPORT_RM.pdf*

57 Службен весник на Република Македонија бр.89/2004, 142/2008, 135/2011, 27/2014, 154/2015.

58 Национална стратегија за родова еднаквост 2022-2027. Достапно на: *https://bit.ly/3AUNHh9.*

За специфичната цел 2.10 од Стратегијата (*Унапредување на родовата еднаквост во спортот*) се утврдени следните очекувани резултати:

- зголемено учество на жените и девојчињата во рекреативни и професионални спортски активности преку соодветни програми и стимулативни мерки;
- воспоставени мерки за поддршка на жените за нивно задржување во професијата спорт;
- зголемена финансиска поддршка на централно и на локално ниво за женски спортски клубови и спортистки; и
- родово сензитивни обучени вработени во спортски структури.

Стратегијата понатаму се фокусира на рушење на стереотипите околу спортот како „машка" област, зголемување на бројот на жени тренери, како и воведување мерки за борба против насилството и сексизмот во спортот. На крај, еден важен аспект на родовата еднаквост во спортот што Стратегијата го зема предвид е пристапноста и безбедноста на спортските објекти, приспособени на потребите на девојчињата и жените.

Во **Законот за еднакви можности на жените и мажите**[59] спортот е јасно опфатен во член 3 како една од важните области за заштита на еднаквите можности на жените и мажите:

> *„Се забранува дискриминација врз основа на пол во јавниот и приватниот сектор во областите на вработувањето и трудот, образованието, социјалната сигурност, културата и спортот, согласно со овој или друг закон".*

Во моментов се подготвува нов Закон за родова еднаквост, во кој „спортот и рекреацијата" се издвојуваат како една од областите на примена на Законот[60].

Во **Законот за спречување и заштита од дискриминација**[61] подетално се уредуваат облиците и видовите на дискриминација, како и постапките за заштита од дискриминација. Целта на Законот е *„обезбедување на начелото на еднаквост и спречување и заштита од дискриминација во остварување на човековите права и слободи"* (чл. 2).

59 Службен весник на Република Македонија бр.6/2012, 166/2014.

60 Во времето на подготовка на анализата нацрт-законот за родова еднаквост беше објавен за коментари.

61 Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020.

Во **Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција)**[62], најсеопфатниот документ за родово базирано насилство и семејно насилство, што е ратификуван во 2017 година, спортот е опфатен во областа на образованието (чл. 14) при што се наведува дека *„[с]траните ги преземаат […] неопходните чекори за вклучување наставни материјали за прашања какви што се еднаквоста меѓу жените и мажите, нестереотипните родови улоги, меѓусебното почитување, ненасилното разрешување конфликти во меѓучовечките односи, родово базираното насилство врз жените и правото на личен интегритет […] во формалните наставни програми и на сите нивоа на образование*“ и *„во установите за неформално образование, како и во спортски, културни и рекреативни објекти и во медиумите*“.

Постои итна потреба да се обезбедат механизми за промовирање и поттикнување родово сензитивни алатки и пристапи во рамките на спортските федерации и спортските клубови. Покрај тоа, постои потреба од родово сензитивни регулативи и политики во спортскиот сектор, промовирање родово одговорно буџетирање и финансиска поддршка на жените и девојчињата во спортот, обезбедување и поддршка на еднаков пристап и учество на жените во сите спортови, зголемување на бројот на жени тренери, како и обезбедување поддршка и заштита од родово базирано насилство, вознемирување и дискриминација. Конечно, постои итна потреба да се воспостават механизми за собирање, употреба и дисеминација на релевантни ажурирани родово-разделени податоци во сите релевантни структури на национално и на локално ниво.

## Спортски структури во Северна Македонија

Владата на Република Северна Македонија ги поддржува политиките за зголемување на бројот на граѓани од сите возрасти, социјални групи и потекло, кои секојдневно се занимаваат со спорт и спортско-рекреативни активности. На национално ниво, Владата е надлежна за уредување на спортот и спортските активности со донесување и спроведување закони, стратегии, политики и други релевантни документи. На локално ниво, единиците на локалната самоуправа ги уредуваат спортот и спортските активности, првенствено во поглед на училиштата, спортовите во заедницата и локалните иницијативи.

62 *https://rm.coe.int/168008482e*

Во Програмата на Владата на Северна Македонија 2022-2024[63], меѓу другото, се истакнуваат повеќе цели за подобрување на состојбата со спортот во земјата, меѓу кои и подготовка на нов Закон за спортот, во согласност со европскиот модел на спорт; нова Стратегија за развој на спортот; еднаква и транспарентна поддршка на спортови и спортист(к)и; воведување на родовата перспектива во креирањето и спроведувањето на политиките и буџетите во областа на спортот на локално и на централно ниво; и едукативни активности за вклучување на родовата перспектива во политиките и во буџетите на спортските организации.

Во поглед на конкретните цели и задачи, Владата се залага за *„воведување родова еднаквост во спортот – 30% жени во органите на управување (собрание, одбор, извршен комитет) почнувајќи од 2020 година и 50% до 2024 година“*. Исто така, федерациите што добиваат финансиски средства од државниот буџет се одговорни за спортот и во машка и во женска конкуренција, односно за функционирањето на машките и на женските спортски клубови и/или националните тимови.

**Агенцијата за млади и спорт** (АМС), како независен орган на државната управа, е основана во 2000 година, како единствена владина институција што е одговорна за сите аспекти на животот на младите во државата, како и за сите аспекти на спортот. Според Законот за организација и работа на органите на државната управа[64], Агенцијата е правно лице што ги врши работите што се однесуваат на следењето на спортските и спортско-рекреативните активности, следењето на развојот на спортот, а врши и други работи утврдени со закон. АМС донесува решенија за вршење дејност спорт и АМС има овластување *„да го поништи издаденото решение за вршење дејност спорт, доколку утврди дека спортскиот клуб, Националната спортска федерација или Македонскиот олимписки комитет, не ги исполнува условите утврдени со [Законот за спортот]“* (Закон за спортот, чл. 12). Според прописите и надзорот на АМС, постојат повеќе од 1.500 активни спортски клубови, кои се здружени во 46 национални спортски сојузи, со голем опфат на млади и граѓани во спортски и спортско-рекреативни активности. Во сите национални спортски сојузи се реализира разгранет и рационален систем на натпревари со голем број учесници, тренери, судии, спортски лекари и спортски работници[65].

Дејноста на Агенцијата главно се остварува преку 5 сектори: Сектор за млади, Сектор за спорт, Сектор за капитални инвестиции, Сектор за човечки ресурси и професионална поддршка на директорот и Сектор за финансиски прашања. Во рамките на Секторот за спорт на АМС постојат четири одделенија

[63] Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2022-2024 година. Достапно на: *https://vlada.mk/sites/default/files/programa/2022-2024/programme_of_the_government_2022-2024.pdf.*

[64] Службен весник на РМ/Северна Македонија бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11, 96/19, 110/19.

[65] Агенција за млади и спорт, *https://ams.gov.mk/en/pages/sport*



со различни поднадлежности: Одделение за национален спорт; Одделение за меѓународен спорт и меѓународна соработка; Одделение за инспекциски надзор во спортот; и Одделение за регистрација на субјекти што вршат дејност спорт. Секторот за спорт во својот делокруг на работа[66] ги опфаќа следниве активности и работи: следи и обработува прашања поврзани со системот и организацијата на спортот и меѓународната соработка во областа на спортот, ги следи состојбите во здруженијата, асоцијациите и другите субјекти што вршат дејност спорт, ја следи мрежата на здруженија и асоцијации од областа на спортот и системот на натпревари и предлага мерки за унапредување, развој и стручно усовршување, ги следи спортските активности на студентите и на граѓаните, подготвува Програма за развој на спортот, предлага, планира и поттикнува меѓународна соработка во областа на спортот, ги следи активностите на Советот на Европа во областа на развојот на спортот и презема мерки за спроведување конвенции и други меѓународни документи од областа на спортот и сл.

Спортските клубови се здружуваат во соодветна **национална спортска федерација (НСФ)**. Според Законот за спортот, надлежности на националната спортска федерација се: поттикнување и унапредување на соодветниот спорт; реализирање на утврдената програма за развој на спортот; организирање национални натпревари и важни меѓународни настани; обезбедување финансиски средства; селекција на национални репрезентации за меѓународни натпревари; номинирање спортисти за различни спортски категории итн. За еден спорт може да се формира само една национална спортска федерација и само националните спортски федерации може да членуваат во меѓународни спортски асоцијации.

**Македонскиот олимписки комитет (МОК)** е највисока спортска невладина асоцијација во која конститутивни членки се националните спортски федерации од олимписките спортови (Закон за спортот, чл. 17). Неговата функција е да ги застапува националните спортски федерации во Интернационалниот олимписки комитет (ИОК). Како главни активности што ги врши, МОК учествува во поттикнувањето, помагањето и создавањето услови за развојот на спортот во земјата; учествува во подготвувањето на Програмата за развој на спортот; ги координира активностите на националните спортски федерации во остварувањето на олимписките програми; го утврдува составот на македонската олимписка репрезентација во согласност со критериумите и правилата утврдени од Интернационалниот олимписки комитет и други работи. Во рамките на МОК е формирана Комисија за родова еднаквост, со цел да придонесе за креирање родово еднакви политики и родова стандардизација во спортските субјекти, зголемување на учеството на жените во сите аспекти на спортот, како и воспоставување стратегиски механизми со цел зајакнување на родовата

[66] Агенција за млади и спорт, *https://ams.gov.mk/en/pages/sport*

еднаквост во Олимпиското движење. Меѓу другите цели на Комисијата се и промовирање на олимписките вредности насочени кон младите девојчиња во спортот, поголемо вреднување на постигнатите резултати и зголемување на бројот на спортистки што учествуваат на Олимписките игри.

**Параолимпискиот комитет на Северна Македонија** е спортска, доброволна, општествено-хуманитарна организација, формирана во 1965 година, чија основна цел е да ги развива, да ги креира, да ги обединува и да ги застапува спортско-рекреативните активности на сите лица со попреченост на територијата на Северна Македонија, без оглед на видот, степенот и карактерот на попреченоста. Параолимпискиот комитет својата активност ја спроведува во согласност со Законот за спортот, своите норми, пропозиции и критериуми како и нормите, пропозициите и критериумите на Интернационалниот параолимписки комитет. Во рамките на Комитетот делуваат 20 општински сојузи за спорт и рекреација на лица со попреченост. Според географската местоположба, тие се регионализирани во три региони со седишта во Скопје, Битола и Куманово. Комитетот главно се соочува со финансиски тешкотии и недостиг на стручен кадар и спортски објекти за вршење на своите активности.

**Спортската академија** е државно средно училиште чија цел е да обезбеди средно образование за одредени категории ученици што се талентирани спортисти. Дејноста што се врши во спортската академија е од јавен интерес и се врши како јавна служба. Спортската академија формира спортски паралелки во четири спортови – кошарка, тенис, фудбал и ракомет. За секоја од нив е задолжен спортски ментор, а за реализација на тренажниот процес се грижат професионални тренери, кои се избрани од националните спортски федерации.

**Факултетот за физичко образование, спорт и здравје** е високообразовна институција во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, задолжена за образување стручни кадри со највисока стручна подготовка од областа на физичката култура во согласност со четири основни студиски програми што ги покриваат основните подрачја: физичко и здравствено образование, спорт, спортска рекреација и кинезитерапија. На факултетот се спроведуваат и магистерски студии по кинезиологија и спортски менаџмент, како и докторски студии по кинезиологија. Во рамките на Факултетот, во 2013 година е формиран **Институт за научноистражувачка работа во спортот**, кој, во рамките на својата дејност, организира и остварува научноистражувачка и издавачка дејност, учествува во изработката на програмите за научноистражувачката работа на Факултетот, изведува стручни, советодавни и други услуги за потребите на спортските клубови, националните спортски федерации, воспитно-образовните институции и институциите на централната и на локалната власт, го поддржува вклучувањето на студентите во научноистражувачката работа, ги проучува можностите и формите на пренесување на научноистражувачките резултати во практиката и други работи.

**Локалните самоуправи** поддржуваат и овозможуваат спортски активности и програми во рамките на своите можности. Одговорностите на локалните самоуправи за поддршка на спортот[67] се однесуваат на:

- развој на масовни спортски и рекреативни активности за граѓаните, развој на училишниот спортски систем;
- организација на спортски настани, организирање натпревари на локално ниво за одредени спортови, поддршка на традиционални спортски настани, турнири и сл.;
- изградба и одржување спортски објекти и рекреативни зони;
- управување со спортските објекти во сопственост на општините;
- поддршка на локални спортски клубови и локални спортски асоцијации;
- донесување програми за развој, финансирање и организација на спортот на локално ниво.

# Финансирање во спортот

Распределбата на средства за Агенцијата за млади и спорт се врши со одлука на Владата на Република Северна Македонија, врз основа на програмата што ја поднесува Агенцијата. Агенцијата ја подготвува програмата врз основа на проектите што ги доставуваат националните спортски федерации, но и врз основа на сопствени проекти за унапредување на спортот, со јасни назнаки за висината на средствата и активностите за кои се потребни средствата.

Друг начин на распределба на средствата е преку **Програмата за распределба на средства од игри на среќа и забавните игри за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија**. Во рамките на оваа Програма постои специфичен извор на финансирање што е наменет за унапредување на родовата еднаквост во спортските федерации, кој е воведен во 2020 година. Во 2022 година, од вкупниот буџет од 50.000.000,00 денари, 4.500.000,00 денари се издвоени за финансирање проекти на националните спортски федерации за *„поддршка на жените во спортот, родова еднаквост во сите сфери на функционирањето на спортот“*[68]. Во рамките на оваа линија за финансирање во 2021 година е распределен износ од 3.500.000,00 денари, а во 2020 година износ од 2.500.000,00 денари.

67 Види: *https://portal.cor.europa.eu/divisionpowers/Pages/Macedonia-Youth-and-sports.aspx*

68 Службен весник на Република Северна Македонија бр. 94/2022 од 15.4.2022 година.

Спортските програми што се во надлежност на **локалната самоуправа** зависат од финансиските можности на општините и ретко даваат поддршка за женски спортски клубови или за женски спортски натпревари.

Со измените на Законот за спорт од 2019 година се обезбедуваат средства од даночни ослободувања за спортските субјекти со воведување **ваучер систем**, со цел да се поддржат спортистите и спортските федерации во поглед на нивна поголема одржливост и подинамичен развој на националниот спорт. Системот на ваучери има за цел да стимулира и да обезбеди финансиска поддршка за спортски клубови, спортски федерации и поединечни спортисти. Оваа мерка се спроведува преку Управата за јавни приходи (УЈП). На трговското друштво што донира во спортот му се намалува пресметаниот данок на добивка за износот на донираните средства, но најмногу до 50% од пресметаниот данок врз основа на ваучер што го издава АМС. Трговското друштво преку оваа мерка може да донира во еден спортски субјект од секој вид спорт, а по исклучок може да донира и во два спортски субјекти од ист вид спорт, само доколку едниот субјект е национална спортска федерација, а другиот спортски субјект е спортски клуб или активен спортист што се натпреварува во индивидуален спорт. Висината на ваучерите е различна во зависност од спортот, постигнатите резултати, организацијата на клубот, рангот на натпреварувањето, присуството во медиумите итн. Преку овој систем на даночниот обврзник што донира пари на спортски субјекти, му се намалува пресметаниот данок на добивка за износот на донираните средства[69]. Преку овој систем, вкупно 174 спортисти, 46 федерации и 664 спортски клубови добија финансиски средства во 2021 година.

Нема родово разделени податоци за распределбата на средствата преку ваучер системот, поради тоа што одредбите од Законот за спортот не налагаат реализација на одреден процент од распределбата на финансиските средства за женски и машки спортски клубови, или за мажи и жени спортисти, а АМС не е должна да води таква евиденција.

Во 2021 година Антикорупциската комисија на Северна Македонија препорача ревизија на системот на финансирање во спортот преку ваучери[70]. Државниот завод за ревизија изврши финансиска ревизија на Агенцијата за млади и спорт, проширена ревизија на федерациите што добија најголем износ на средства преку ваучер системот, како и на неколку други федерации. Исто така, се анализираа и приговори или пријави од спортски клубови во врска со трошењето на средствата, односно неправилности во користењето на ваучерите. На крајот беа посочени повеќе прашања во врска

[69] Агенција за млади и спорт, Правилник за формата, содржината и начинот на издавање на ваучерот за користење на средствата од даночното ослободување (Службен весник на РСМ, бр. 120/2019 г.)

[70] Државна комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), Одлука бр. 12-1626/161 од 10.12.2021. Достапно на: *https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/12/2021-1626-161-odluka.pdf*

со системот за ваучери[71]. Констатирано е дека не постои воспоставен метод на избор на членови на Централната комисија на АМС, која е одговорна за системот на ваучери, што отвора сомнеж дека е можна политизација при одлучувањето. Во поглед на членовите на Комисијата постои многу видлива родова нееднаквост, односно од деветте членови назначени со одлука на Владата, во 2019 година имало 2 жени, во 2020 година воопшто немало жени, а во 2021 и 2022 година имало само една жена. Државниот завод за ревизија, исто така, забележа дека недостигаат извештаи од националните спортски федерации и од правните лица што се корисници на даночните олеснувања, како и дека меѓу вработените во АМС нема доволно државни службеници што ќе вршат инспекциски надзор во националните спортски федерации во однос на процедурите за доделување и трошење финансиски средства од ваучерите како што е предвидено со законот. Според тоа, финансирањето на спортските субјекти преку системот на ваучери, а во ситуација кога нема официјално пропишан унифициран образец, доведе до нетранспарентност и недоволна отчетност.

Агенцијата за млади и спорт има воспоставено неколку програми за стимулирање на младите мажи и жени да се занимаваат со спортски активности, како што е „*Спортска надеж*", **програмата за стипендирање што е наменета за млади спортисти до 20 години**[72]**.** Според ревизорскиот извештај за „Ефективност на мерките на Владата на Република Северна Македонија за родова еднаквост и соодветни родови буџетски иницијативи"[73], стипендиите што им се доделени на машки спортисти се речиси двојно повеќе од оние што им се доделени на женски – од 6791 стипендија што се доделени во периодот од 2008 до 2021 година, 4405 стипендии им биле доделени на машки спортисти, а само 2386 на женски. Иако бројот на девојчиња што се опфатени во оваа програма се зголемува, овој број сè уште не е значаен бидејќи одредени спортови во популарната култура сè уште се сметаат за „машки" спортови, како на пример бокс, борење, кендо и аидо и аикидо, и за нив „*засега не постои заинтересираност од страна на девојчињата*"[74]. Може да има неколку можни објаснувања за слабото учество на девојчињата во овие спортови, како што се недостиг на поддршка во форма на менторство,

Доделени стипендии во периодот 2008-2021




[71] Ibid.

[72] Уредба за условите, начинот и критериумите за доделување категорија спортист – Спортска надеж (Службен весник на Република Македонија бр.127/2008 и 107/2012)

[73] Државен завод за ревизија (2022) Конечен извештај за извршена ревизија на успешност „Ефективност на мерките на Владата на Република Северна Македонија за родова еднаквост и соодветни родови буџетски иницијативи".
Достапно на: *https://dzr.mk/sites/default/files/2022-07/RU_Efektivnost_merki_Vlada_rodova_ednakvost_0.pdf.*

[74] Ibid., стр. 56.

недостиг на жени тренери во конкретниот спорт, недостиг на финансиска поддршка за жените, систематски недостиг на поддршка во рамките на федерациите, стигматизација итн. Постапката за избор на стипендисти се врши врз основа на доставена ранг-листа за најуспешните млади спортисти од страна на националните спортски федерации. Во поглед на ова, во извештајот се наведува дека *„[о]д извршениот увид во доставените ранг-листи од страна на федерациите, утврдивме дека родово разделени листи доставува само ракометната федерација, додека другите федерации доставуваат збирни листи во зависност од постигнатите резултати независно од родот“*[75]. Иако спортските федерации се поттикнуваат да вклучат жени на своите листи, овој метод на избор покажува недоволно разбирање на неопходните мерки кога станува збор за создавање можности за жените и девојчињата.

Значајно признание во областа на спортот на национално ниво е **државната награда „8 Септември“**, која им се доделува на спортисти, тренери и на спортски работници за остварувања во областа на спортот. Во една година може да се доделат најмногу пет награди, од кои едната е за животно дело за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмација и промоција на Република Северна Македонија на меѓународен план.

И во категоријата за животно дело, и во другите категории на државната награда „8 Септември“, во 2019, 2020 и 2022 година[76] (во 2021 година наградата не беше доделена поради пандемијата), државни награди им беа доделени само на мажи, бидејќи ниту една жена не беше номинирана за наградата.

Според информациите што ги добивме од АМС, од воведувањето на овој тип награда во периодот 2012 и 2014 година, наградата ја добиле само две жени. Ваквиот мал број добитнички на наградата се должи на тоа што ниту една од федерациите што треба да доставаат предлози, не предложила спортистки за оваа награда.

Македонскиот олимписки комитет доделува **олимписки стипендии** за спортист(к)и што потенцијално би можеле да се натпреваруваат на Олимписките игри. Во 2016 година, за Летните олимписки игри во Рио, пет од вкупно 11 стипендии им беа доделени на спортистки; во 2018 година имало вкупно тројца стипендисти, од кои една жена; додека во 2020 година, за Олимписките игри во Токио, пет од вкупно 12 стипендисти биле жени.

75 Ibid., стр. 56.

76 *https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2022/09/zivotno-delo.pdf*



# Спортот и родовата еднаквост во Северна Македонија

Оваа анализа за родовата еднаквост и спортот во Северна Македонија претставува придонес за важните чекори кон позитивни промени за женскиот спорт во земјата, кои се прават паралелно со пошироките национални и меѓународни дебати за родовата еднаквост во спортот. Како што беше претходно споменато, важно е да се нагласи дека сè уште нема доволно истражувања и податоци за родовата еднаквост и за еднаквите можности за жените и мажите во спортот во земјата. Иако досега не се постигнати значајни промени во политиките во поглед на родовата еднаквост и спортот, гласовите и искуствата на спортистките започнаа важна дебата и го отворија патот за влијание врз општествените промени.

Во следните делови се анализира состојбата на родовата еднаквост во спортот преку главните области што ги утврди ЕИГЕ[77]. Исто така, анализата на одделните области се надополнува со наодите од интервјуата, кои беа спроведени со 10 претставнички од спортски институции, спортски организации, спортистки и спортски менаџерки. Со оглед на тоа што правната и политичката рамка речиси целосно го занемарува прашањето за родот во спортот, наодите од спроведените интервјуа служат како вредни докази за работите што недостигаат и потребите за подобрување на состојбата и решавање на важното прашање за родовата еднаквост во спортот.

---

77 *https://eige.europa.eu/gender-mainstreaming/policy-areas/sport*

# Учество во спортски активности

Традиционално, спортот во Северна Македонија претежно се смета како активност за момчињата и за мажите. Според една студија спроведена во 2014 година[78], учеството на девојчињата во спортски активности е значително помало од она на момчињата на возраст од 15 до 29 години – 36,6% активни девојчињата наспроти 63,4% момчиња. Младите мажи почесто од младите жени го поминуваат слободното време во спорт и спортски активности, како и во излегување со пријателите, играње видеоигри, поминување време во барови и клубови, волонтирање и поминување време во младински центри, додека младите жени слушаат музика, читаат книги, поминуваат време со семејството, се молат и купуваат почесто од мажите[79]. Слични наоди се достапни од Анкетата за користење на времето за 2014/2015[80] што ја спроведе Државниот завод за статистика, која покажа дека жените и девојчињата поминуваат повеќе време во домашни активности додека момчињата и мажите во слободни активности, меѓу кои и спортот.




„Секојдневно се соочуваме со значајни предизвици, почнувајќи од условите за тренирање (нема женски соблекувални или, пак, не се користат доволно), како и од пристапноста за жените во спортските објекти (обично подобрите/попопуларните места за тренинг во спортските сали се резервирани за мажите), што доведува до нееднакво признавање и промоција на резултатите на жените од страна на институциите во земјата што се надлежни за спортот. Од овие причини девојчињата се колебаат дали да се зачленат во спортски клубови и/или да почнат да тренираат различни спортови“.

Учесничка во интервју

Агенцијата за млади и спорт регистрира нови женски спортски клубови, со што се зголемува учеството на девојчињата во одредени спортови како, на пример, фудбалот. Според Регистарот на спортски клубови во рамките на АМС, во 2021 и 2022 година, Решение за вршење дејност спорт им е издадено на пет регистрирани женски клубови: женски шаховски клуб „Прилеп“, женски кугларски клуб „Пелистер-Т&С Холдинг“, женски одбојкарски клуб „Ринија“ од

[78] Топузовска, Л.М. (2014) Младински трендови во Република Македонија, Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, стр. 35. Достапно на: *https://www.researchgate.net/publication/277138661.*

[79] Топузовска, Л.М. и др. (2019) Студија за младите во Северна Македонија 2018/2019, ФЕС, стр. 15. Достапно на: *https://library.fes.de/pdf-files/id-moe/15266.pdf*

[80] Државен завод за статистика (2016) Анкета за користење на времето 2014/2015. Достапно на: *https://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.15.20.pdf.*

Неготино-Полошко, Врапчиште, женски одбојкарски клуб „Ринија волеј" од Скопје и женски одбојкарски клуб „Фламинго волеј" од Скопје. АМС не можеше да даде точен број на женски спортски клубови што се регистрирани во 2019 и 2020 година бидејќи, како што објасни ја, недостигаат податоци во самата Агенција за видот на регистрација на клубовите во Регистарот, во кој не се прави разлика помеѓу машки и женски спортски клубови. Во 2020 година има четири регистрирани женски клубови за фудбал, но тие не се натпреваруваат во националната лига поради недостиг на финансиски средства за учество во системот на натпреварување. Во Фудбалската федерација на Македонија се пријавени вкупно 1.505 девојчиња што тренираат фудбал. Исто така, по долго отсуство на национална женска одбојкарска репрезентација, Одбојкарската федерација на Македонија преку неколку одбојкарски школи и стручен тим од машки и женски тренери формираше национална репрезентација во младинска конкуренција до 19 години.

Сите учеснички во интервјата се согласуваат дека желбата за професионално занимавање со спорт претставува предизвик за жените и девојчињата во Северна Македонија. Друг значаен предизвик за жените во спортот е недостигот на мерки и поддршка со оглед на биолошките разлики на жените и на мажите и различните потреби на жените и на девојчињата. Во поглед на можностите за урамнотежена кариера во спортот, една учесничка изјави дека „*предизвикот поврзан со тоа дали и кога да се реализирате како мајка е особено присутен за девојките во тимските спортови, бидејќи клубот веднаш ќе ви најде замена*". Не постојат политики или прописи што ги штитат спортистките што ќе одлучат да основаат семејство и да продолжат да водат активен професионален живот. Во повеќето случаи, жените што одлучуваат да станат мајки не успеваат да се вратат во професионалниот спорт или да се вратат на работа во спортската институција или федерација во која вложиле време и напори за градење спортска кариера.

> „За да има континуитет, сите спортистки одлучуваат да останат во спортскиот клуб во кој претходно членувале, да учествуваат и да се ангажираат, за понатаму да бидат номинирани и именувани во органите и во телата на спортскиот клуб, во смисла на преземање одредени функции на позиции на кои се носат одлуки во националната спортска федерација".
>
> Учесничка во интервју

Друг значаен предизвик што придонесува за помалото учество на жените во спортот во Северна Македонија се финансиите, односно драстично помалите приходи на жените во спортот. Ова е особено значајно за спортистките што не заработуваат доволно од професионалниот спорт, па мораат да работат на други работни места, со што се намалува времето за тренирање и усовршување на вештините и техниките во нивната спортска дисциплина, што, пак, е клучно за квалитетна и успешна спортска кариера.

Иако недостигаат понови податоци засновани на докази за учеството на девојчињата и жените во спортот во земјата, и иако има одреден напредок во подигањето на свеста и поддршката за родовата еднаквост во спортот, сè уште има потреба од зајакнати програми со кои ќе се промени патријархалната перцепција за спортот како активност за момчињата и мажите.

Првата национална конференција *„Жените во спортот“*[81] беше организирана во 2017 година, со поддршка на UN Women. Главните теми што се презентираа на конференцијата беа предизвиците и родовите стереотипи со кои се соочуваат македонските спортистки, како и родовите нееднаквости во сите области на спортот во земјава. Ова беше еден од првите настани на кои истакнати спортистки во земјава добија можност да ја искажат својата загриженост и да ги споделат предизвиците со кои се соочуваат во занимавањето со спорт во земјата. Целта на конференцијата беше да се подигне свеста за родовата еднаквост во спортот, важноста на учеството на жените во спортот, како и важноста на жените како амбасадорки во професионалниот спорт.

# Застапеност и родова сензитивност во одлучувањето




Членови на раководните тела во спортот во Северна Македонија

Во поглед на раководните позиции во спортските организации и во спортските институции во земјата, се потпираме на информациите што се дадени во Индексот за родова еднаквост[82] за 2015 година, каде што е наведено дека бројот на жени на раководни позиции во националните спортски федерации е најмал од сите други општествени сфери. Најголемиот родов јаз е во индикаторот што го мери учеството на жените и на мажите во раководните тела и во телата на националните спортски федерации, што е претставено во поддоменот „Општествена моќ“ – само 8,9% од жените наспроти 91,1% од мажите се членови на раководните тела во спортот во Северна Македонија.

Како што нагласи една учесничка во интервјуата, при подготовката на многубројни документи, какви што се анализи на состојбите, планирање на очекуваните резултати, подготовка на акциски планови, како и преку институционалното учество во подготовката на Националната стратегија за родова еднаквост во надлежност на Министерството за труд и социјална

[81] *http://www.takt.org.mk/women-in-sport/.*

[82] Башевска, М. (2019) Индекс за родова еднаквост во Северна Македонија 2019, UN Women, Скопје. Достапно на: *https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/2019/Gender%20Index_ENG.pdf* .

политика, *„главен приоритет во областа на спортот е зголемување на бројот на жени на раководни позиции во сите спортски структури*“.

Од основањето на Агенцијата за млади и спорт, на позицијата директор што го именува Владата постојано се мажи. Исто така, мажите преовладуваат и меѓу раководителите на секторите во АМС, особено во доменот на спортот. Во моментов има само две жени што се раководителки на одделенија во АМС, во Секторот за млади. Во поглед на Советот за спорт, што е стручно советодавно тело на државната управа што ја надгледува работата на АМС и дава мислења и препораки за конкретни прашања (Закон за спортот, чл. 25), неговите сегашни членови што се избрани во 2019 година ги сочинуваат четворица мажи и две жени.

Друго значајно тело за одлучување во областа на спортот е Комисијата за доделување државни награди. Комисијата за државната награда „8 Септември“ се состои од 12 члена, кои ги именува Собранието со мандат од 2 години. Во составот на новоизбраната Комисија за периодот 2022-2024 година влегуваат осум мажи и четири жени.

Националната антидопинг комисија, во согласност со Законот за спортот, е формирана во рамките на Агенцијата за млади и спорт. Комисијата брои четири члена. Од 2019 година ја сочинуваат двајца мажи и две жени.

Постојат одредени напори за справување со родовата дискриминација што ја доживуваат жените, вклучително и недоволната застапеност на лидерски позиции, меѓутоа сето тоа се сведува на подигање на свеста за ова прашање, но никогаш на политички решенија. Во 2019 година, Платформата за родова еднаквост, која е составена од различни невладини организации што работат на прашањата за родовата еднаквост, испрати отворено писмо[83] како реакција на конференцијата на тема „*Спортот за државата, државата во спортот*“, која ја организираа Агенцијата за млади и спорт, Здружението на спортски новинари и Македонскиот олимписки комитет. Организаторите на конференцијата ја пропуштија можноста да поканат спортистки и жени од спортскиот сектор, па оваа конференција на високо ниво се одржа само со учество на мажи, со што гласот на жените во спортот не можеше да се слушне. Во врска со овој настан, Платформата забележа дека родовата дискриминација во спортскиот сектор е појава што е широко распространета:

> *„...особено е видлив трендот на невклучување на жените во процесите на донесување одлуки и/или невклученост во дискусии и расправи на кои се дебатираат прашања од приоритетен карактер ... политиките за спортот не смеат да се носат во отсуство на спортистките, спортските новинарки и спортистките ветеранки, како и сите останати кои делуваат во спортскиот сектор“*[84].

[83] Платформа за родова еднаквост (2019) Отворено писмо до Агенција за млади и спорт, Асоцијација на спортски новинари и Македонски олимписки комитет.
Достапно на: *https://rodovaplatforma.mk/blog/2019/12/03/отворено-писмо-на-платформа-за-родова/*

[84] Ibid.

# Родова еднаквост во спортскиот тренинг

Иако недостигаат податоци за акредитираните тренери во земјава, општо е прифатено дека во професијата на спортските тренери преовладуваат мажите. Жени тренери речиси никогаш не можат да се видат во спортови што традиционално се перципираат како „машки спортови", додека женските спортски тимови во земјата претежно ги водат мажи тренери. Жените се значително недоволно застапени во сите спортови во земјата. Жените претставуваат само мало малцинство помеѓу тренерите што работат во професионалниот спорт. Ваквата нерамнотежа се должи на неколку фактори: стереотипни перцепции за спортскиот тренинг како машка професија; недостиг на институционална поддршка за жените што сакаат да се занимаваат со тренерска кариера; системски бариери во повеќето спортски организации; и недостиг на жени што можат да служат како примери.

Што се однесува до зголемувањето на бројот на жени тренери во земјава, една учесничка во интервјуата укажува на потребата од *„рушење одредени стереотипи за да се постигне стимулативна мерка за воспоставување и одржување на нивото на жени тренери во спортските клубови и репрезентации"*. Во поглед на улогата на спортските федерации, друга учесничка во интервјуата забележа:

> „Националните спортски федерации што се автономни во својата работа, преку своите работни програми, ја поттикнуваат родовата еднаквост и во спортската администрација и во органите и управните тела, вклучително и ангажирањето жени позициите на тренери, физиотерапевти и лекари што се грижат за здравјето на спортистите. Мислам дека стручен кадар постои, но не е доволно ангажиран".

Можностите за жените повеќе да се занимаваат со тренерската професија во земјата може да се подобрат доколку постои систематска поддршка за подобрување на нивните вештини и знаења за да станат тренери. Ова на долг рок ќе биде од корист за спортскиот сектор во земјата бидејќи ќе се произведат повеќе жени тренери што може да придонесе повеќе жени и девојчиња да се занимаваат со спорт[85]. Поинклузивната тренерска работна сила, исто така, може да почне да привлекува жени од недоволно застапените групи да се занимаваат со спорт или да работат како тренери, но и на извршни позиции[86]. Конечно, со развој на различни и нови тренерски стилови и практики може да се привлечат не само повеќе девојчиња и жени во спортот, туку и повеќе момчиња и мажи[87].

85 European Commission (2014) Gender Equality in Sport. Proposal for Strategic Actions 2014–2020, Luxembourg: Publications Office of the European Union.
Достапно на: *https://ec.europa.eu/assets/eac/sport/events/2013/documents/20131203-gender/final-proposal-1802_en.pdf*

86 Ibid.

87 Ibid.

# Родово базирано насилство во и преку спортот

Родово базираното насилство (РБН) претставува сериозен предизвик за правата на жените во Северна Македонија. Новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство[88] е усогласен со барањата на Истанбулската конвенција, која е ратификувана во 2017 година. Иако во Законот не се споменува спортот или спортските институции како релевантни засегнати страни за заштита од родово базираното насилство, во него јасно се наведува дека целта на Законот е *„превенција и спречување на родово базирано насилство врз жените и семејно насилство, ефективна заштита на жртвите од каков било облик на родово базирано насилство врз жени како и на жртвите на семејно насилство со почитување на основните човекови слободи и права загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Северна Македонија. Целта на законот се заснова на принципот на еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги“* (чл. 2).

Родово базираното насилство и вознемирување се прилично редовни појави во спортот, кои не се препознаваат и не се третираат соодветно. Сепак, постојат одредени напори за подигање на свеста за ова прашање, кои се главно предводени од невладини организации. На првата конференција на тема *„Родово базирано насилство во спортот“*[89] што беше организирана во 2017 година, учесниците укажаа на присуството на насилство, вознемирување и дискриминација во спортот во земјата и ја истакнаа потребата од справување со овој проблем и подигање на свеста за навремено препознавање и превенција. Главните заклучоци беа дека, меѓу другото, потребна е едукација на младите за препознавање на родово базираното насилство, злоупотреба и вознемирување; треба да се воспостават механизми што ќе бидат конкретно наменети за помош и поддршка на жените и девојчињата во спортот што биле изложени на насилство и/или вознемирување; треба да се воспостават механизми за пријавување случаи на насилство, вознемирување и злоупотреба, и други работи.

Една учесничка во интервјуата раскажа дека додека растела и тренирала спорт, таа дури не ги препознавала недоличните нафрлања на момчињата во нејзиниот клуб, а подоцна и недоличните забелешки од нејзиниот тренер, што во тој момент ги отфрлале како смешни и се сметале за нормална, а не за невообичаена појава. Друга учесничка во интервјуата се присети на ситуација со нејзиниот наставник по физичко образование кој *„имаше навика да ги допира девојчињата позади“* додека изведувале одредени вежби. Таа истакна дека многу од девојчињата во нејзината паралелка



[88] Службен весник на Република Северна Македонија бр. 24/2021.

[89] *http://www.takt.org.mk/gender-based-violence/*

го избегнувале часот по физичко образование или измислувале различни причини да не бидат активни на часот.

Овие сериозни ситуации укажуваат на итната потреба од политики за заштита и спречување на родово базирано насилство во спортот. Поради недостигот на такви политики, младите девојчиња и жени се доведени во опасност од вознемирување и злоупотреба, како и од пропуштање на можностите за личен развој што ги нуди спортот. Програмите за заштита од родово базирано насилство во спортот што се насочени кон младите девојчиња и жени мора да се инкорпорираат во спортските институции и во спортските организации. Подигнувањето на свеста за препознавање и пријавување вакви инциденти, мора да стане вообичаена практика во спортските клубови и федерации, како и во училиштата. Треба да постои независно и сигурно лице за контакт, на кое жените и девојчињата ќе можат да му се обратат доколку станат жртви на родово базирано насилство, вознемирување или злоупотреба. Покрај тоа, земјата треба да ги регистрира случаите на родово базирано насилство во спортот за да може да се препознаат причините и да се утврдат тактики за спречување на оваа појава. Конечно, постои итна потреба од посериозен пристап кон истражувањето и собирањето податоци за да се креираат политики засновани на докази во областа на родово базираното насилство, вознемирување и злоупотреба во спортот.

# Родовите стереотипи во спортот и улогата на медиумите

Известувањето за спортот во медиумите има исклучителна моќ во обликувањето на родовите стереотипи и норми, како и во спротивставувањето на нив и промовирање еднаква застапеност на жените и на мажите. Тоа опфаќа неколку аспекти, какви што се прикажувањето на жените во спортските медиуми, бројот на презентерки и спортски новинарки, како и покривањето на женските натпревари и работата во областа на спортот[90]. И покрај огромниот напредок и раст на женскиот спорт, спортистките сè уште се сметаат за инфериорни, објективизирани и главно невидливи, во споредба со спортистите и машките спортови[91]. Спортистките честопати се прикажуваат на стереотипен, сексуализиран и сексистички начин, често со упатување на нивниот физички изглед и женственост наместо на нивните спортски способности[92]. Дури и кога се разговара за перформансите на спортистките, примарната споредба е со друг спортист[93]. Спортското новинарство, исто така, сè уште е специјалност во која доминираат мажи во целиот свет.

90 *https://en.unesco.org/themes/gender-equality-sports-media*

91 Trolan, E.J. (2013) The impact of the media on gender inequality within sport, Procedia – Social and Behavioral Sciences, 91, 2015-227.

92 Совет на Европа (2016) Родова еднаквост во спортот и улогата на медиумите, информативен лист. Достапно на: *https://rm.coe.int/bis-factsheet-gender-equality-sport-media-en/1680714b8f*

93 Shifflett, B. et al. (2016) Gender Bias in Sports-Media Analytics, Journal of Sports Media, 11:2, 111-128.

Следејќи ги светските трендови, медиумите во Северна Македонија главно промовираат спортови со кои традиционално се занимаваат мажите. Известувањето за спортски настани главно се однесува на перформансите на мажите во спортот, додека жените во спортот и нивните достигнувања се на второ место, по оние на мажите. Процентот на медиумско покривање машки спортски настани и натпревари изнесува 80% наспроти 20% за женски спортски настани и натпревари[94]. Загрижува фактот што спортските новинари го оправдуваат ваквото помало покривање на женските спортови, меѓу другото, со слабиот интерес на гледачите за женските спортови, послабиот квалитет на женските натпревари и недоволниот успех, особено на меѓународно ниво[95]. Правдајќи се за пристрасното известување и презентирање во областа на спортот, медиумските работници наведуваат дека квалитетот и успехот ја диктираат застапеноста на жените во спортските медиуми, а не родот, што е показател за недоволна родова сензитивност и свест.

„Жените во спортот мора да работат трипати повеќе од нивните машки колеги за да постигнат видливи резултати, а главната борба е во тоа да докажат дека жените исто така го разбираат спортот и знаат како да бидат успешни спортисти, тренери, менаџери“.

Учесничка во интервју

Во анализата „*Родот во медиумите 2021*“[96], која ја објави Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е даден најсеопфатен преглед на состојбата во поглед на претставувањето на женскиот и машкиот спорт и на спортистите и спортистките на македонската телевизија. На националните телевизиски канали (МРТ 1 и МРТ 2), покриеноста на машките спортови е значително поголема од женските спортови – околу 80% од спортскиот медиумски простор е посветен на машкиот спорт и над 82% од вербалната презентација е од мажи, што укажува на фактот дека националниот телевизиски сервис е пристрасен кон мажите и машкиот спорт[97].




[94] Рајчевска, А. (2021) Ги има на терен, но не и на ТВ, за жените во спортот се известува ретко, МИА, 8.03.2021. Достапно на: *https://mia.mk/gi-ima-na-teren-no-ne-i-na-tv-za-zhenite-vo-sportot-se-izvestuva-retko/.*

[95] Ibid.

[96] Мицевски, И. (2021) Родот во медиумите: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во спортската програма на националните терестријални телевизии, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
Достапно на: *https://avmu.mk/wp-content/uploads/2022/05/Родот-во-спортската-програма-.pdf*

[97] Ibid.

„Жените во спортот кај нас не се доволно признаени и застапени кога се во прашање наградите, стипендиите, известување за нивните успеси на социјалните мрежи и нивното претставување од страна на новинарите... Поради тоа што општеството смета дека спортот е повеќе за момчињата, женскиот спорт има многу мала посетеност“.

Учесничка во интервју

Повеќе од 96% од спортските експерти на МРТ 1 биле мажи, додека на другите два јавни канали **ниту една жена не се појавила како спортска експертка.**



На националната телевизија има многу малку спортски новинарки – на МРТ 1 околу 81% од спортските новинари биле мажи, на МРТ 2 овој процент изнесува околу 88%, додека на МРТ 3 немало жени[98]. Постои апсолутна доминација на мажите што се појавуваат на националната телевизија како спортски експерти – повеќе од 96% од спортските експерти на МРТ 1 биле мажи, додека на другите два јавни канали ниту една жена не се појавила како спортска експертка[99]. Слични се наодите и за приватните ТВ-станици во земјава.

# Предизвиците со кои се соочуваат жените во спортот во Северна Македонија

Според учесничките во интервјуата, предизвиците се системски (институционални), како и поврзани со културата. Во поглед на структурните предизвици, една учесничка изјави дека овие предизвици влечат корени „*прво од лошата структура на женскиот спорт во земјата, а потоа и од традиционалните ставови на граѓаните во земјата*“. Се посочува дека главниот проблем е во институционалната рамка и инструментите или во недостигот на инструменти за справување со предизвиците поврзани со родовите нееднаквости, како и со унапредувањето на родовата еднаквост.

Понатаму, присутно е чувството дека постои прашање на културата поврзано со традиционалистички поглед на жената во македонското општество. Учесничките на ова гледаат како на дополнителен проблем од кој произлегуваат многу пречки за жените во спортот во земјава.

98 Ibid.

99 Ibid.

„Главниот проблем е културата во која доминира машката хегемонија и ги ограничува можностите на спортистките за развој на кариерата, така што нема рамноправно признавање и промоција на женските резултати од институциите во земјата надлежни за спортот, во медиумите и во радиодифузните медиуми“.

Учесничка во интервју

Поради традиционалните погледи на спортот во земјата, мажите во голема мера ја монополизираа моќта на национални и на меѓународни позиции и се премногу застапени. Истите тенденции може да се забележат и во поглед на тренерските позиции, судиите и административните позиции, кои традиционално се сметаат за машки работни места.

Една учесничка во интервјуата изјави дека настрана од прашањата поврзани со културата („*патријархалното општество*“), голем проблем е и „*големото его кај луѓето што се на клучни позиции на кои се носат одлуки во институциите што се одговорни и надлежни за спортот во државата*“. Традиционалните ставови одат подалеку, до убедувањето дека жените не го разбираат спортот, дека тоа е „*машка професија*“. Ова може да се толкува како отсуство на систем за контрола и рамнотежа на власта во институциите, како и механизми за родова еднаквост, бидејќи „*големото его*“ или други лични особини стануваат понагласени во институционалните рамки каде што нема механизми за професионална извонредност.

Учесничките во интервјуата во најголем дел се согласуваат дека жените во спортот во Северна Македонија се соочуваат со голем број предизвици што исто така претставуваат пречки за зголемување на бројот на спортистки. Накратко, меѓу предизвиците што ги наведоа учесничките во интервјуата се:

- Помалку можности за жените во спортот – голем број клубови и спортови немаат групи за девојчиња и жени;
- Општествена стигма во поглед на спортот – во општеството преовладува претпоставката дека спортот е повеќе за момчиња отколку за девојчиња;
- Недостиг на поддршка/мерки/политики што ги земаат предвид биолошките разлики на жените – жените што стануваат мајки и основаат семејство често се откажуваат од спортот;
- Недостиг на патеки за лидерски позиции и патеки за жени тренери;

- Недостиг на позитивни примери кон кои девојчињата можат да се стремат во спортот – успешните спортистки не се доволно промовирани од националните спортски институции, какви што се федерациите, како и други високи и видливи официјални позиции на кои главно се мажи;
- Недоволно признавање на успехот на спортистките во поширокото општество и од релевантните институции – наградите за различни спортски натпреварувања се несразмерно поголеми за мажите и момчињата;
- Финансии – сè уште постои значителен родов јаз во платите во областа на спортот;
- Нееднакво и стереотипно известување за женскиот спорт во медиумите – несразмерно повеќе простор се посветува на машкиот спорт, додека жените во спортот честопати се презентираат со сексистички и стереотипен јазик;
- Распространета родово базирана дискриминација и вознемирување без соодветен систем за справување со родовото и со сексуалното вознемирување и родово базираното насилство – несоодветното однесување на момчињата и мажите кон девојчињата и жените е нормализирано;
- Недоволно или никакво спроведување во практика на релевантните документи и стратегии и недостиг на механизми за мониторинг;
- Жените имаат помалку можности за вработување во спортски институции и организации;
- Девојчињата и жените имаат ограничен пристап до спортски објекти, особено во поглед на безбеден простор, осветлување, соблекувални итн.

Корените на проблемите со родовата еднаквост и застапеноста на жените во спортот, освен во широко распространетите патријархални и традиционалистички ставови во општеството, можат да се лоцираат и во спортските клубови, федерации, како и во недостигот на политики со кои ќе се поддржат жените во спортот и ќе им се дадат можности за нивно поголемо вклучување во спортските институции во државата. Една учесничка во интервјуата го лоцира проблемот во институционалната структура на „*спортските клубови и во националните спортски федерации, во луѓето што се на раководни позиции во спортот, кои треба да сфатат дека треба да се зајакнат капацитетите на клубовите и на федерациите за родово сензитивни политики и родово одговорен буџет, еднаков пристап и учество на жените во сите сегменти на спортот, зголемување на бројот на жени тренери, изнаоѓање нови финансиски извори преку спонзори за да се зголеми финансирањето на женските спортски клубови на локално ниво, подигање на свеста за родово базираното насилство врз жените во спортот и негување нулта толеранција за сексизам и сексистички говор на омраза за време на спортски настани*“.



# Заклучоци и препораки

Спортот е тема што добива сѐ повеќе внимание на глобално ниво. Се препознава дека спортот и спортските активности се корисни за здравјето и за благосостојбата на луѓето, како и на општеството во целина. Спортот не само што придонесува за целокупното здравје и благосостојба, туку помага и за создавање социјални врски меѓу лицата и заедниците, го гради карактерот и помага во развој на здрав поглед на светот. Освен тоа, спортот придонесува за градење и одржување мирни и хармонични општества. Оттука, еднаквиот пристап и еднаквите можности за сите во спортот се од голема корист за општеството, за бизнисите и за луѓето.

Неколку учеснички во интервјуата ја истакнаа важноста на спортот за младите. Една учесничка конкретно истакна дека се потребни **спортски програми за млади што се засновани на начелата на родовата еднаквост**:

„Она што го сметам за клучно е дека треба да создадеме навики кај младите, секој што сака да се занимава со спорт, да може да го прави тоа, без разлика на спортската дисциплина што ќе ја избере. Навистина недостасуваат програми за образование преку и со спорт во земјава. Иновативните програми и пристапи можат да го подобрат учеството на девојчињата во спортот. Постојат спортови како што е алтимејт фризби, на пример, кои нудат можности момчиња и девојчиња да играат заедно, со што се израмнува теренот и се олеснува вклучувањето на девојчињата во спортот“.

Иако вклучувањето на родовата перспектива во главните политики и родовата еднаквост во спортот веќе стануваат дел од некои релевантни документи, стратегии и закони, сепак треба и понатаму да се работи на овие прашања. Потребни се повеќе активности, а мора и **да се ревидираат повеќе политики, закони и стратегии за спортот и во нив да се вклучи родовата перспектива**. Секој клуб треба да се обврзе да има одреден процент жени во својот извршен одбор или менаџерски тим, да има женски тим и генерално да нуди можности и жените да се занимаваат со одреден спорт. Покрај тоа, учесничките во интервјуата истакнаа дека е важно политиките ефективно да се спроведуваат, имајќи го предвид фактот дека дури и кога постојат политики, закони и прописи, тие недоволно се спроведуваат. Затоа, законите, стратегиите, политиките и прописите мора ефективно да се спроведуваат со соодветни мерки и казни за непочитување и механизми за нивно следење.

Покрај потребата од соодветно спроведување на стратегиите, законите и другите прописи за родова еднаквост, потребни се и **повисоки професионални стандарди за вработените во јавните институции и во спортските федерации**. Лицата што работат на раководни позиции и се одговорни за спроведување на законите, стратегиите и другите прописи треба да бидат родово сензитивни и да имаат познавања и свест за родовата еднаквост, вклучувањето на родовата перспектива во главните политики и различните алатки и мерки за родова еднаквост.

Од особена важност е да постојат **истражувања за различни аспекти на спортот кои се засновани на докази и достапни за широката јавност**. Во Северна Македонија, поради недостигот на податоци и недостигот на важни истражувања на темата родова еднаквост во спортот, тешко е да се креираат политики засновани на докази. Од овој аспект, постои ограничена академска дебата на темата, ако воопшто и ја има. И покрај тоа што постои општоприфатена перцепција дека персонализираните форми на вежбање како фитнес, аеробик, трчање и пешачење стануваат сè попопуларни кај жените, нема доволно податоци и истражувања што би го поддржале ова тврдење. Постојните истражувања и податоци укажуваат дека жените и девојчињата помалку се занимаваат со физичка активност од мажите и момчињата. Нема податоци што покажуваат колку жените од маргинализираните заедници се занимаваат со спорт, а има малку или воопшто нема податоци за можните причини поради кои девојчињата на тинејџерска возраст се откажуваат од спорт и физичка активност.

Друга област што е потребно да се подобри е зголемување на **признанијата за женските спортови и за успесите на жените во спортот**. Неколку учеснички во интервјуата ја истакнаа потребата од промовирање на успешните спортистки што постигнале одлични спортски резултати, спортистки што

се стекнале со висок степен на образование, работат во средина каде што се почитувани и исто така и понатаму професионално се занимаваат со спорт. Најважно, како што наведе една од учесничките во интервјуата, е *„како ќе се претставиме и промовираме во медиумите, вклучително и на спортските настани, и со тоа ќе помогнеме да се создаде позитивна перцепција за спортистките во општеството и да им го пренесеме тоа на помладите генерации. Постојано се залагам и за наградување на спортистите во согласност со конкретни критериуми, соодветна методологија и еднакво рангирање на мажите и жените спортисти“.*

Исто така, пожелно е да има и повеќе стипендии за жени во спортот и финансиска помош за спортски клубови што сакаат да почнат да работат со женски тимови. Поголемиот дел од учесничките во интервјуата укажаа дека треба да се **изедначат финансиските приходи на мажите и на жените во спортот**, а особено одредбите за породилно отсуство. Во поглед на професионалниот спорт, исто така, постои потреба *„да се поттикнат професионалните спортисти да се стекнат со образование и да стекнат знаења за тренерската работа, судењето, спортскиот менаџмент, така што по завршувањето на спортската кариера, ќе бидат подготвени за нови предизвици, на позиции на кои се носат одлуки, со што и ќе се зголеми бројот на жени што ќе носат одлуки во областа на спортот во земјата“.*

Учесничките во интервјуата ја истакнаа важноста на медиумите како алатка за креирање мислење во општеството и потребата од поголема медиумска писменост и подобрување на новинарските стандарди, како и потребата од обука и активности за подигање на свеста за спортските новинари. Беше истакната потребата **медиумите повеќе да користат родово сензитивен јазик**:

> „Клучно е да се направи стратегија и да се соработува со медиумите. Тие се креатори на јавното мислење. Новинарите треба да се едуцираат за правилно и родово еднакво известување во медиумите. Една кошаркарка не може да биде ‘најсекси’, а еден кошаркар ‘најуспешен’. Не може за женската фудбалска репрезентација да се известува со потсмев поради убедливиот пораз, а за машката да се вели ‘лавовски се бореа’ и покрај убедливиот пораз“.
>
> Учесничка во интервју

На крај, учесничките во интервјуата ја истакнаа потребата од воведување мерки за **превенција и заштита од родово базирана дискриминација и родово и сексуално вознемирување**. Учесничките во интервјуата споделија и лични искуства како и искуства на други жени и девојчиња.

„...По завршувањето на специјалистичките студии по спортски менаџмент, се обратив за работа во еден од нашите најдобри машки кошаркарски клубови. И покрај тоа што веќе имав работно искуство во областа на спортскиот менаџмент, клубот ми понуди позиција и плата што беше за две третини помала од платата што му ја понудија на мојот колега кој, прво и основно, воопшто немаше високо образование, ниту, пак, имаше доволно работно искуство како спортски менаџер, бидејќи по професија беше спортски новинар. Секако, му го препуштив ангажманот на колегата“.

Учесничка во интервју



Друга учесничка во интервјуата спомена случај на дискриминаторско однесување со нееднаков третман на спортистките во боречки спортови, за што Македонското здружение на млади правници поднесе претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за нееднаков третман и дискриминација на спортистките. Претставката беше прифатена, а Комисијата за спречување и заштита од дискриминација даде општа препорака во која се вели дека Федерацијата извршила дискриминација врз основа на пол и род.

Комисијата на ЕУ става акцент на потребата од **конкретна национална стратегија за родово базирано насилство во спортот**[100]**.** За борба против родово базираното насилство и родово вознемирување и злоупотреба во спортот потребен е холистички пристап што опфаќа: процена на големината на проблемот; иницијативи за превенција; сеопфатни законски одредби, одредби во политиките и дисциплински одредби за гонење и казнување на сторителите и за заштита на спортист(к)ите од РБН; обезбедување услуги за лицата што биле изложени на акти на РБН; и партнерства што вклучуваат повеќе нивоа, повеќе дисциплини и повеќе различни актери.

[100] Европска комисија, Генерален директорат за образование и култура и Yellow Window (2016) Студија за родово базираното насилство во спортот: конечен извештај, Луксембург: Канцеларија за публикации. Достапно на: *https://data.europa.eu/doi/10.2766/501661.*

# Конкретни препораки

Врз основа на анализата на релевантните документи и податоците што беа собрани од интервјуата, потребните чекори за подобрување на состојбата на родовата еднаквост во спортот во Северна Македонија може да се сумираат во неколку важни сегменти.

За да се **зголеми учеството на девојчињата и жените во спортски активности**, се препорачува:

- Спроведување мерки со кои ќе се обезбеди рамномерно учество на жените во сите спортски организации во однос на членувањето, вежбањето, натпреварувањето, тренерската работа, претставувањето на национално и на меѓународно ниво, како и редовно следење и евалуација на овие мерки. Промовирање програми за подобро вклучување на маргинализираните жени и девојчиња во спортот, со акцент на жените и девојчињата со попреченост.
- Спроведување на начелото на вклучување на родовата перспектива во сите политики и програми за спортот, како неопходна мерка за подобрување на застапеноста на жените во спортот во земјата.
- Изработка на национална стратегија за зголемување на учеството на девојчињата и на младите жени во спортски активности преку следење добри практики од земјите на ЕУ.
- Подобрување на пристапот до спортски објекти за жените и девојчињата, какви што се пристапни влезови, приемни делови, соблекувални приспособени на потребите на девојчињата и жените итн. Спроведување мерки за подобрување на пристапот до спортските објекти за жени и девојчиња со попреченост.
- Зголемување на бројот на жени тренери што обезбедуваат дополнителна поддршка на жените и девојчињата во спортот и ги препознаваат предизвиците со кои се соочуваат.
- Спроведување и промоција на кампањи за подигање на свеста за важноста на спортот и физичките активности, како и придобивките од нив. Спроведување кампањи за неутрализирање на негативните традиционални родови стереотипи во спортот.
- Зголемување на учеството на младите девојчиња во спорт и физички активности на национално и на локално ниво преку програми што се наменети за нивно поголемо вклучување во спортот и зајакнување.
- Обезбедување стимулации за спортските организации што имаат планови и активности за зголемување на членството на жените во нивните клубови/ организации.

- Препознавање на важноста на спортот за развој на вештини како важен аспект за зајакнување и зголемување на учеството на младите девојчиња во спортот.
- Спроведување родово одговорно буџетирање за женските клубови на национално ниво, вклучително и подобрување на системите за наградување.
- Распределба на еднаков буџет на локално ниво за женските и за машките спортски клубови и, доколку е можно, воведување позитивни афирмативни акции за спортските клубови, чија цел е да го зголемат учеството на жените.

**Еднаквата застапеност и родовата сензитивност во одлучувањето** се најважни доколку сакаме да ја подобриме родовата еднаквост во областа на спортот во земјата. За да се одговори на предизвиците, треба да се преземат следниве активности:

- Обезбедување правични можности за вработување на жените во спортскиот сектор, вклучително и подобра застапеност на жените на раководни позиции, со квоти и/или други мерки за зголемување на бројот на жени на раководни позиции во спортските клубови и во спортските федерации.
- Изработка на национална политика за родова еднаквост, која ќе биде обврзувачка за сите национални спортски федерации при поднесувањето барања за државно финансирање, на пример, воведување квота за застапеност на 50% жени во сите раководни тела во спортските федерации.
- Градење капацитети и едукација на сите спортски федерации за креирање политики за родова еднаквост, особено за воведување еднаква застапеност на жените и на мажите.
- Изработка и финансирање програми и проекти за подигање на свеста за придобивките од родовата различност на лидерските позиции.
- Изработка и финансирање програми за развој на лидерски вештини за девојчињата и жените во спортот, со посебен акцент на жените професионални спортистки.
- Спроведување обуки и активности за подигање на свеста за родовата еднаквост и вклучување на родовата перспектива во главните политики за вработените во спортскиот сектор, особено за високото раководство.
- Поттикнување на формирање комисии за родова еднаквост или поставување лице за контакт за родова еднаквост во спортските структури.

- Подготовка на упатства за процесот на вработување, изборните комисии, политиката за човечки ресурси и друго, како што е релевантно.

За да се подобри **родовата еднаквост во спортскиот тренинг**, треба да се спроведат следниве активности:

- Изработка на родово сензитивни и транспарентни постапки и практики за вработување  и избор во спортските федерации и во спортските клубови, со што ќе се зголеми бројот на жени во тренерската работа.
- Донесување родово сензитивни политики за заштита и поддршка на правата на жените тренери за професионален развој, особено во поглед на мајчинството.
- Редовно собирање и дисеминација на статистички податоци за жените што се занимаваат со тренерска работа и имаат тренерска кариера.
- Поддршка на примери на жени тренери и нивно вклучување во промовирањето на еднаквоста меѓу жените и мажите во спортот.
- Спроведување кампањи за справување со родовите стереотипи и идентификување на предизвиците што ги ограничуваат жените во тренерската професија.

Со цел да се спречи **родово базираното насилство во спортот и преку него**, треба да се преземат следниве активности:

- Спроведување истражувања за да се разбере големината на проблемот, механизмите за превенција, областите за интервенција.
- Донесување и спроведување конкретна национална стратегија, вклучително и акциски план.
- Вклучување конкретни мерки и прописи за справување со сексизмот и со сексистичкиот јазик на спортски настани и натпревари, како и со непристојното сексуално однесување.
- Поттикнување на спортските федерации да донесат акциски планови и постапки за спречување родово базирано насилство и родово и сексуално вознемирување и злоупотреба во спортот.
- Поттикнување на спортските клубови да внесат измени во своите прописи со цел експлицитно да се забрани родово базирано насилство и родово и сексуално вознемирување и злоупотреба, со соодветни мерки за сторителите и поддршка за жртвите.

- Подготовка и спроведување програми за зајакнување на девојчињата и на спортистките против можното вознемирување и злоупотреба во спортот.
- Спроведување програми за едукација и обука на спортисти, тренери, менаџери, технички кадар за да се препознае родово базираното насилство и вознемирување и да може соодветно да се постапува по нив.
- Спроведување медиумски кампањи за справување со родово базираното насилство и вознемирување во спортот.
- Организирање кампањи за подигање на свеста за спречување родово базирано насилство, вознемирување и злоупотреба.
- Донесување прописи со кои се пропишува дека секоја спортска организација треба да има лице за контакт за пријавување родово базирано насилство и родово и сексуално вознемирување и злоупотреба. Обезбедување обука за лицата за контакт за пријавување родово базирано насилство во спортот.

Во поглед на **борбата против родовите стереотипи во спортот и улогата на медиумите,** важни се следните препораки:

- Да се ревидираат релевантните закони, стратегии и политики за да се вклучи забрана на сите видови дискриминација врз основа на пол и род, како и сите видови родов/сексистички говор на омраза и сите форми на родово вознемирување.
- Да се започне иницијатива за да се изедначи системот на награди за спортисти, спортски менаџери, тренери и слично, кои се финансирани од државниот буџет (на пример, државната награда „8 Септември“).
- Да се следат националните медиуми во поглед на застапеноста на спортистките и натпреварите во женска конкуренција и да се подигне свеста за важноста од еднаква застапеност.
- Да се спроведат обуки за медиумските работници за родова еднаквост и еднаква застапеност на спортистките и на женскиот спорт.
- Да се подигне свеста за родовата стереотипизација и за штетите од дискриминацијата и дискриминаторскиот говор преку медиумски кампањи.
- Да се спроведат медиумски кампањи за родова еднаквост во спортот.

# Библиографија


Агенција за млади и спорт, Правилник за формата, содржината и начинот на издавање на ваучерот за користење на средствата од даночното ослободување (Службен весник на РСМ, бр. 120/2019 г.).

Bailey, R, I. Wellard, and H. Dismore (2004) Girls' Participation in Physical Activities and Sports: Benefits, Patterns, Influences and Ways Forward, World Health Organisation. Достапно на: *https://www.icsspe.org/sites/default/files/Girls.pdf.*

Башевска, М. (2019) Индекс на родова еднаквост во Северна Македонија 2019, UN Women, Скопје. Достапно на: *https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/2019/Gender%20Index_ENG.pdf.*

Brady, M. (2005) Creating Safe Spaces and Building Social Assets for Young Women in The Developing World: A New Role for Sport, Women's Studies Quarterly. 33:1&2.

Carson, F., C. McCormack, and J. Walsh (2018) Women in Sport Coaching: Challenges, Stress and Wellbeing, ACTIVE: Journal of Physical Education, Sport, Health and Recreation 7, no. 2, 63–67, *https://doi.org/10.15294/active.v7i2.22100.*

Комисија на Европските заедници (2007) Бела книга за спортот, Брисел. Достапно на: *https://eurlex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52007DC0391&from=CS.*

Совет на Европа (2015) Препорака CM/Rec (2015)2 на Комитетот на министри до земјите членки за вклучување на родовата перспектива во спортот, Пуб. L. бр. CM/Rec(2015)2 (2015). Достапно на: *https://www.icsspe.org/system/files/Council%20of%20Europe%20-%20Recommendation%20Gender%20Mainstreaming%20CM%20Rec%20%282015%292.pdf.*

Совет на Европа (2016) Родовата еднаквост во спортот и улогата на медиумите, информативен лист. Достапно на: *https://rm.coe.int/bis-factsheet-gender-equality-sport-media-en/1680714b8f.*

European Institute for Gender Equality (2017) Gender in Sport, Vilnius. Достапно на: *https://eige.europa.eu/publications/gender-sport.*

Совет на Европа (2018) Стратегија за родова еднаквост на Советот на Европа 2018-2023 година, Стразбур. Достапно на: *https://rm.coe.int/prems-093618-gbr-gender-equality-strategy-2023-web-a5/16808b47e1.*

Совет на Европа (2019) Препорака CM/Rec(2019)1 за спречување и борба против сексизмот. Достапно на: *https://rm.coe.int/cm-rec-2019-1-on-preventing-and-combating-sexism/168094d894.*

Европска комисија (2011) Развој на европската димензија во спортот, Брисел. Достапно на: *https://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2011:0012:FIN:en:PDF*

Европска комисија (2014) Родова еднаквост во спортот. Предлог за стратегиски акции 2014–2020, Луксембург: Канцеларија за публикации на Европската Унија. Достапно на: *https://ec.europa.eu/assets/eac/sport/events/2013/documents/20131203-gender/final-proposal-1802_en.pdf.*

Европска комисија, Генерален директорат за образование и култура и Yellow Window (2016) Студија за родово базираното насилство во спортот: конечен извештај, Луксембург: Канцеларија за публикации. Достапно на: *https://data.europa.eu/doi/10.2766/501661*

Европска комисија (2017) Специјален Евробарометар 372: Спорт и физичка активност, Извештај. Достапно на: *https://www.europarc.org/wp-content/uploads/2020/01/Special-Eurobarometer-472-Sports-and-physical-activity.pdf.*

Европска комисија (2020) Родов акциски план на ЕУ (ГАП) III – Амбициозна агенда за родова еднаквост и зајакнување на жените во надворешното дејствување на ЕУ, Брисел. Достапно на: *https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52020JC0017&from=EN.*

Европска комисија (2021) Препорака CM/Rec(2021)5 на Комитетот на министри до земјите членки за Ревидираната европска повелба за спортот, Брисел. Достапно на: *https://rm.coe.int/recommendation-cm-rec-2021-5-on-the-revision-of-the-european-sport-cha/1680a43914.*

Европска комисија, Генерален директорат за образование, млади, спорт и култура (2022) Кон поголема родова еднаквост во спортот: Препораки и акциски план од Групата на високо ниво за родова еднаквост во спортот, Брисел. Достапно на: *https://op.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/684ab3af-9f57-11ec-83e1-01aa75ed71a1.*

Европска комисија (2020) Информација од Комисијата до Европскиот парламент, Советот, Европскиот економско-социјален комитет и Комитетот на региони: Унија за еднаквост: Стратегија за родова еднаквост 2020-2025 година, Брисел. Достапно на: *https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52020DC0152&from=EN.*

Европски парламент (2012) Повелба за основните права на Европската Унија. Достапно на: *https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:12012P/TXT&from=cs*

Fasting, K. et al. (2011) Sexual Harassment in Sport toward Females in Three European Countries, International Review for the Sociology of Sport 46, no. 1, 76–89, *https://doi.org/10.1177/1012690210376295.*

Global Sports Salaries Survey 2017, The Gender (In) Equality Issue, Sporting Intelligence. Достапно на: *http://globalsportssalaries.com/GSSS%202017.pdf.*

Илиевска, М., Филипова, А. и Барлаковски, П. (2018) Мониторинг и унапредување на работата на Агенцијата за млади и спорт, Скопје: Младински образовен форум. Достапно на: *https://mof.mk/wp-content/uploads/2021/07/Analiza-Monitoring-na-AMS.pdf.*

Интернационален олимписки комитет (2020) Олимписка повелба, Лозана. Достапно на: *https://stillmed.olympic.org/media/Document%20Library/OlympicOrg/General/EN-Olympic-Charter.pdf.*

Интернационален олимписки комитет (2022) Цели за родова еднаквост и инклузија 2021-2024, Лозана. Достапно на: *https://stillmed.olympics.com/media/Documents/Beyond-the-Games/Gender-Equality-in-Sport/IOC-Gender-Equality-and-Inclusion-Objectives-2021-2024.pdf.*

Katsarova, I. (2019) Gender Equality in Sport: Getting Closer Every Day, European Parliamentary Research Service. Достапно на: *https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/BRIE/2019/635560/EPRS_BRI(2019)635560_EN.pdf*

Longman, J. (2021) "How much is a little girl worth?", The New York Times, 16.06.2021. Достапно на: *https://www.nytimes.com/2021/06/16/sports/olympics/how-much-is-a-little-girl-worth.html.*

Македонски олимписки комитет, Стратегија за развој на спортот. Достапно на: *http://mok.org.mk/Upload/Content/Documents/STRATEGIJA_ZA_RAZVOJ_SPORT_RM.pdf.*

Мицевски, И. (2021) Родот во медиумите: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во спортската програма на националните терестријални телевизии, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Достапно на: *https://avmu.mk/wp-content/uploads/2022/05/Родот-во-спортската-програма-.pdf.*

Платформа за родова еднаквост (2019) Отворено писмо до Агенција за млади и спорт, Асоцијација на спортски новинари и Македонски олимписки комитет. Достапно на: *https://rodovaplatforma.mk/blog/2019/12/03/отворено-писмо-на-платформа-за-родова/.*

Рајчевска, А. (2021) Ги има на терен, но не и на ТВ, за жените во спортот се известува ретко, МИА, 8.3.2021. Достапно на: *https://mia.mk/gi-ima-na-teren-no-ne-i-na-tv-za-zhenite-vo-sportot-se-izvestuva-retko/.*

Shifflett, B. et al. (2016) Gender Bias in Sports-Media Analytics, Journal of Sports Media, 11:2, 111-128.

Државна комисија за спречување на корупција, Одлука бр. 12-1626/161 од 10.12.2021. Достапно на: *https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/12/2021-1626-161-odluka.pdf*

Државен завод за ревизија (2022) Конечен извештај за извршена ревизија на успешност „Ефективност на мерките на Владата на Република Северна Македонија за родова еднаквост и соодветни родови буџетски иницијативи". Достапно на: *https://dzr.mk/sites/default/files/2022-07/RU_Efektivnost_merki_Vlada_rodova_ednakvost_0.pdf.*

Државен завод за статистика (2016) Анкета за користење на времето 2014/2015. Достапно на: *https://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.15.20.pdf.*

Топузовска, Л. М. и др. (2014) Младински трендови во Република Македонија, Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, стр. 35. Достапно на: *https://www.researchgate.net/publication/277138661.*

Топузовска, Л. М. и др. (2019) Студија за младите во Северна Македонија 2018/2019, ФЕС, стр. 15. Достапно на: *https://library.fes.de/pdf-files/id-moe/15266.pdf.*

Trolan, E.J. (2013) The impact of the media on gender inequality within sport, Procedia – Social and Behavioral Sciences, 91, 2015-227.

Обединети нации (2015) Трансформирање на нашиот свет: Агенда за одржлив развој до 2030 година. Достапно на: *https://sustainabledevelopment.un.org/content/documents/21252030%20Agenda%20for%20Sustainable%20Development%20web.pdf.*

Обединети нации (2010) Договорени заклучоци на Комисијата за статусот на жените за критичните области на Пекиншката платформа за акција 1996-2009 година. Достапно на: *https://doi.org/10.18356/5fa286bb-en.*

Организацијата за образование, наука и култура на Обединетите нации (1978) Меѓународна повелба за физичко образование и спорт. Достапно на: *https://en.unesco.org/sites/default/files/sport_e.pdf.*

Организацијата за образование, наука и култура на Обединетите нации (2015) Меѓународна повелба за физичко образование и спорт. Достапно на: *https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000235409*

УНЕСКО (2017) Казански акциски план, Меѓународна конференција на министри и високи службеници одговорни за физичко образование и спорт, 6-ти, Казан, Руска Федерација, 2017 година. Достапно на: *https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000252725*

Отсек за унапредување на жените, Оддел за економски и социјални прашања на Обединетите нации (2007) Жени, родова еднаквост и спорт, Жените во 2000 и потоа. Достапно на: *https://www.un.org/womenwatch/daw/public/Women%20and%20Sport.pdf.*

UN Women (2014) Пекиншка декларација и платформа за акција: Политичка декларација и исход Пекинг+5. Достапно на: *https://www.unwomen.org/sites/default/files/Headquarters/Attachments/Sections/CSW/PFA_E_Final_WEB.pdf .*

UN Women (2020) Рамка за Спорт за генерација еднаквост: поттикнување на спроведувањето на Пекиншката платформа за акција преку моќта на спортскиот екосистем. Достапно на: *https://www.unwomen.org/sites/default/files/Headquarters/Attachments/Sections/News%20and%20events/Stories/2020/Sport-GenerationEquality.pdf.*

UN Women (2021) Насоки за родово одговорни спортски организации, Анкара: UN Women. Достапно на: *https://eca.unwomen.org/sites/default/files/Field%20Office%20ECA/Attachments/Publications/2021/7/UNWOMEN_Guidelines%20ENG-min.pdf.*

Закон за спортот (Службен весник на Република Македонија бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18 /11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 98/19 и 244/19).

Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари (Службен весник на Република Македонија бр. 89/2004, 142/2008, 135/2011, 27/2014, 154/2015).

Закон за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на Република Македонија/Северна Македонија бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11, 96/19, 110/19).

Закон за еднакви можности на жените и мажите (Службен весник на Република Македонија бр. 6/2012, 166/2014).

Закон за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020).

Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2022-2024 година. Достапно на: *https://vlada.mk/sites/default/files/programa/2022-2024/programme_of_the_government_2022-2024.pdf.*

Национална стратегија за родова еднаквост 2022-2027. Достапно на:  *https://bit.ly/3AUNHh9.*

Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 24/2021).

Уредба за условите, начинот и критериумите за доделување категорија спортист – Спортска надеж (Службен весник на Република Македонија бр. 127/2008 и 107/2012)

**UN Women North Macedonia**
Blvd. VMRO 7/10, Skopje, North Macedonia
http://northmacedonia.unwomen.org
www.facebook.com/unwomenskopje